ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА ИТАЛИЈА | МИСИИ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ | АВИОН „ILYUSHIN 76“ | „ВАЛТЕР ПП/ППК“

# ШТИТ

Број 119
Септември 2019

ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Армијата го прослави 27. роденден



# Прием на 125 професио







Во касарната „Алексо Демниевски-Бауман“ во Велес се одржа свеченост за прием на 125 професионални војници во Армијата на Република Северна Македонија, прва од двете планирани класи за оваа година по приемот на 375 професионални војници минатата, 2018 година. На свеченоста во велешката касарна „Алексо Демниевски-Бауман“, министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, истакна дека со приемот на овие 125 професионални војници се подмладува армискиот состав, а се создаваат и идни армиски генерации коишто ќе ја претставуваат нашата земја како дел од најмоќниот воено-политички сојуз денес, стратешка цел која нашата држава ќе ја достигне по цели три декади.„Изминатите две години, од една страна го сработивме членството во НАТО, но од друга страна не ја заборавивме нашата армија и затоа успеавме да обезбедиме поголеми буџети, успеавме да обезбедиме зголемување на платите две години по ред и успеавме да примиме нови припадници на Армијата, и минатата и оваа година“, рече министерката Шекеринска. Во однос на идните чекори, министерката посочи дека фокусот е ставен на подобрување на законските решенија, за кои рече дека наскоро ќе влезат во собраниска процедура, како и фазата на приоритетните проекти за модернизација. „После 16 години Армијата доби нови инженериски машини кои ни се многу важни, како за потребите на Армијата така и за потребите на граѓаните. Во вториот дел од 2019 година, фокусот е ставен на набавка на борбени возила и на набавка на заштитна опрема за сите војници“, истакна министерката. Таа заклучи дека Владата и Министерството покажаа дека не треба да се избира помеѓу членството во НАТО или постоењето на силна армија, дека изминатите две години беше вложено и во двете цели и дека резултатите се евидентни и по двете важни прашања.

# нални војници



На новопримените професионални војници министерката им порача дека армиската средина е една од најдобрите средини за континуирано растење и развивање, за учење и постојна обука. „Ова е средина во која вратите кон усовршување и дома и кај нашите партнери и сојузници во странство се навистина широко отворени. Во текот на обуката, а и при првите денови како професионални војници, ќе видите дека дел од вашите колеги се на обука во САД или во В. Британија, дел од старешините се на високи школи во Турција, во Италија, во Бугарија, во Германија, дел се на вежби во Црна Гора, во Германија, во Словенија, во Хрватска, а некои се дел од нашите мисии во Авганистан, во БиХ и во Либан. Ние ќе направиме сè што е во наша моќ, отворените врати кон светот да бидат уште поотворени“, истакна министерката.
На свеченоста, освен министерката Шекеринска, на новопримените професионални војници, договорите за работа им ги врачија и началникот на Генералштабот, генералот Васко Ѓурчиновски, заменикот-министер Беким Максути, директорот на Генералштабот, генералот Зоран Милевски, и командантот на Здружената оперативна команда, генералот Павле Арсоски.

Кристина Илиевска







# содржина

ШТИТ ■ година XI ■ број 119 ■ септември 2019

Инфо
**Армијата го прослави 27. роденден** 5

НАТО-стратегии
**Стратегиски концепт на Алијансата од 1991 година** 9

НАТО-активности
**Организации и агенции на НАТО** 12

НАТО-армии
**Вооружените сили на Италија** 14

Едукација
**Оперативна вештина на специјалните сили** 22

Мисии на ОН
**Мисија на Обединетите нации во Палестина** 26

Вооружување
**Шведско борбено возило на пешадијата „CV9040“** 32

Вооружување
**Авион „ILYUSHIN 76“** 34

Вооружување
**„Валтер ПП/ППК“** 40

Чествувања
**„Сите сме деца на Илинден“ Илинденски чествувања под крушевското небо** 48

Заштита и спасување
**Специјализирана опрема и обука за „Македонски спасител“** 50

Глобал
**Да се размислува и да се согледува на поинаков начин** 54

Филм
**„По војната“** 56

**Ресенскиот сарај - дворецот на Нијази-бег** 58

# Од Славеј Планина до членството во НАТО

Армијата на Република Северна Македонија го прослави својот 27 роденден. Како и секоја година, и оваа година 18 август – Денот на Армијата се прославуваше на повеќе локации. Пригодна свеченост беше одржана пред Министерството за одбрана каде се собраа вработените во Армијата и во Министерството. Пред вработените свечени обраќања по повод Денот на Армијата одржаа министерката за одбрана Радмила Шекеринска и началникот на Генералштабот генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски. И оваа година, по повод празникот на Армијата, беа пофалени, наградени и унапредени во повисоки чинови највредните во изминатата година, а најдобрите армиски натпреварувачи во различни дисциплини ги добија заслужените пехари.

Централната свеченост по повод Денот на Армијата оваа година се одржа во Охрид. На свеченоста присуствуваше највисокиот државен врв, на чело со претседателот и врховен командант д-р Стево Пендаровски, претставници на дипломатскиот кор, високи претставници на НАТО, генерали на Армијата и други високи претставници од Армијата и од Министерството за одбрана, претставници на Сојузот на борците од НОБ и др. Меѓу високите гости на централната прослава на Денот на Армијата беше и командантот на Националната гарда на Вермонт, аѓутант-генерал Грегори Најт, како и висока делегација на Вооружените сили на Република Бугарија, предводена од началникот на Генералштабот, генерал Андреј Боцев. На свеченоста зборуваа претседателот на државата и врховен командант на Армијата на Република Северна Македонија д-р Стево Пендаровски и министерката за одбрана Радмила Шекеринска. Се славеше и по касарните ширум Македонија и во мисиите надвор од нашата држава, но свечено беше и во домот на секој припадник на нашата армија.

Ќе потсетиме дека Денот на Армијата на Република Северна Македонија е избран да биде 18 август – ден кога во 1943 година на Славеј Планина се формирал баталјонот „Мирче Ацев“ како прва организирана воена формација на Војската во НОВ на Македонија. Формирањето на баталјонот „Мирче Ацев“ го претставува зародишот на создавањето на една нова регуларна војска, која во виорот на НОВ ја достигна бројката од вкупно 66.000 борци, организирани во воени формации на баталјони, бригади, дивизии и корпуси. Од овие наши славни предци, припадниците на Армијата на Република Северна Македонија го наследија борбениот дух и визијата за слободна и прогресивна татковина со врвно школувани и обучени офицери и војници, кои денес гордо стојат на браникот на сопствена држава, кои придонесуваат во многубројни мисии ширум светот и кои час поскоро ќе ја внесат нашата држава во најголемата воено-политичка алијанса на светот – НАТО.

Од Славеј Планина до членството на НАТО, нашите вооружени сили докажаа дека предизвиците и во минатото и денес биле и ќе бидат совладувани и дека нашите и минати и идни воини секогаш се стремеле и ќе се стремат да бидат најдобри.

Нека е честит Денот на Армијата, слава им на загинатите борци и припадници и многу успех на идните генерации воини кои ќе ги исполнуваат своите задачи и обврски како дел од НАТО-армиите.

д-р Жанет Ристоска




ШТИТ е магазин на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот

Издавач
Министерство за одбрана на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник),
Ксенија Митева
(лектор);
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)
Панде Димоска
(новинар)

Печати:
„СТУДИО НАМПРИНТ“
ДООЕЛ Скопје

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.





# Армијата го прослави 27. роденден

На 18 август 1943 година, на Славеј Планина, беше формиран баталјонот „Мирче Ацев“, баталјон кој преставува прва оперативна единица, но и прв баталјон на Народноослободителната војска, кој со текот на времето прерасна во една професионална, обучена, современа и мултиетничка армија – Армијата на Република Северна Македонија.
Пренесените традиции овозможија Армијата на Република Северна Македонија да преставува еден од најцврстите столбови на суверeноста, а одбележувањето на 27-годишното постоење останува нераскинливо поврзан симбол на вековната борба со предизвиците на бројните минати но и идни генерации.

### Вработените во Армијата и Министерството свечено го одбележаа 18 Август

По повод 18 Август, Денот на Армијата, на 16.08.2019 година во кругот на Министерството за одбрана се одржа свечен собир на вработените во Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата. На свечениoот собир присуствуваа: министерката за одбрана Радмила Шекеринска и началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, заменикот на министерот за одбрана Беким Максути, заменикот на началникот на Генералштабот, генерал-мајор Азим Нуредин, државниот секретар Драган Николиќ, НАТО канцеларијата за врски во Скопје, воени аташеи акредитирани во Република Северна Македонија и други гости.
За време на свеченоста беа соопштени наредби за унапредување на припадниците на Армијата, беа врачени плакети, значки, пофалници и други стимулативни мерки за припадниците на Министерството, Армијата и други организации кои активно придонесуваат за развојот на одбраната.
Свое поздравно обраќање пред присутните имаа министерката






Шекеринска и началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-потполковник Ѓурчиновски, кои им честитаа на унапредените и наградените, но најавија и продолжување со спроведување на започнатите реформски процеси со поинтензивно темпо, со што ќе се исполнат очекувањата од институциите и граѓаните.
Во рамки на свеченоста, делегација предводена од министерката, началникот на Генералштабот и претставници на семејствата на загинатите бранители, положи свежо цвеќе пред спомен-обележјето на загинатите бранители пред Министерството за одбрана.



## Централна свеченост

Централната свеченост за одбележување на 18 Август, Денот на Армијата, се одржа во Центарот за обука на вода во Охрид.
На свеченоста присуствуваа: претседателот на Република Северна Македонија и врховен командант на Армијата на Северна Македонија, Стево Пендаровски, заменичката на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министерка за одбрана Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи Оливер Спасовски, началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, министри во Владата, претставници на Собранието, поранешни министри за одбрана и поранешни началници на Генералштабот, претставници од верските заедници, претставници на дипломатскиот и воено-дипломатскиот кор, претставници од Сојузот на борците на НОБ, претставници од државни институции, Министерството за одбрана, органите на локалната самоуправа, медиуми и други гости.
Меѓу високите гостите на централната прослава на Денот на Армијата беше присутен командантот на Националната гарда на Вермонт, аѓутант-генерал Грегори Најт, како и висока делегација на Вооружените сили на Република Бугарија, предводена од началникот на Генералштабот, генерал Андреј Боцев.
Свеченото одбележување на Денот на Армијата започна со поздравување на химната на Република Северна Македонија и химната на Армијата.
На свеченоста свое обраќање пред присутните имаа претседателот на Република Северна Македонија и врховен командат на Армијата на Северна Македонија Стево Пендаровски и министерката за одбрана Радмила Шекеринска.

Во своето обраќање министерката им се заблагодари на припадниците на Армијата, на војниците, на подофицерите, на офицерите, за нивниот придонес кон безбедноста и суверенитетот на нашата држава, за нивниот придонес во процесот за приклучување кон Алијансата, за нивното учество во мировните мисии, за помошта на граѓаните при елементарни непогоди, притоа нагласувајќи дека „силата којашто ја движи нашата армија се нејзините, нашите луѓе, мажи и жени! ".
„Наша задача е да ви обезбедиме најдобар тренинг, најдобра опрема и постојано внимание, да продолжиме да инвестираме во вас, во нашите луѓе и за нашите луѓе", истакна министерката Шекеринска, притоа додавајќи дека грижата за Армијата нема да прекине, затоа што две години по ред се зголемува буџетот за одбраната, две години по ред се зголемуваат платите, притоа редовно се исплаќаат и јубилејните награди и дежурствата.
Министерката порача дека по 16 години беа набавени нови инженериски машини, а Армијата се подмлади за нови 500 професионални војници.
Во период кога државата и Армијата одбројуваат до полноправното членство во Алијансата, министерката истакна дека се вршат и последните подготовки, но истите ќе продолжат и по членството во НАТО. „Го изработивме долгорочниот план за развој на одбанбените способности кој ги постави основите на нашата модернизација, ги менуваме

клучните закони и ги воведуваме НАТО-стандардите и НАТО-правилата".
Во своето обраќање министерката ги поздрави и им го посвети 18 Август на сите припадници кои во моментов се во мировни мисии, особено во мисијата „Одлучна поддршка" во Авганистан. Исто така, министерката упати и честитки за одлуката на претседателот за новопоставениот аѓутант, полковник Билјана Блажевска, која е прва жена-аѓутант на врховниот командант и истакна дека армиската професија е професија и за жените кои секојдневно докажуваат дека можат да се справат со сите задачи и одговорности.
Обраќајќи се пред присутните, претседателот и врховен командант Стево Пендаровски, истакна дека реформите во одбраната и безбедноста се постојан процес и тие ќе продолжат и по членството во НАТО, притоа истакнувајќи: „Покажавме дека можеме да бидеме интероперативни со армиите на сите партнерски земји и да ги исполниме обврските со цел придонес во колективните системи на одбрана и безбедност. Патот кон НАТО е изоден преку макотрпни реформи, лични вложувања и максимална посветеност на повеќе генерации-припадници на вооружените сили. Мажите и жените кои служат во нашата армија и во администрацијата која работи за поддршка на исполнување на одбранбените реформи, сите овие години покажаа капацитет, човечки интегритет и истрајност, дури и во моментите кога се намалуваше одбранбениот буџет и во периодите кога политиката нè оддалечуваше од членството во НАТО".
Како врховен командант на припадниците на Армијата, претседателот порача дека ќе инсистира на подобрување на животниот и на професионалниот стандард на сите припадници кои одговорно, посветено и професионално ги исполнуваат обврските, но и дека тоа е негова обврска кон нив.
Претседателот, за време на свеченоста, со Орден за воени заслуги ги одликуваше Канцеларијата на НАТО за врски во Скопје и Сквадронот на транспортни хеликоптери од Воздухопловната бригада од Здружената оперативна команда при Армијата на Република Северна Македонија.
Денот на Армијата, 18 Август, со свечени церемонии беше одбележан во касарните низ Република Северна Македонија.
Во командите и единиците на Армијата беа организирани и тактичко-технички зборови на кои поканетите гости имаа можност да се запознаат со дел од оружјето, опремата и средставата со кои располагаат единиците.
**Нека ни е честит празникот на Армијата!**

Панде Димоска

# Свеченост по повод Денот на Армијата во касарната „Боро Менков"

Припадниците на гарнизонот Куманово со воена свеченост ги одбележаа 27-те години од постоењето на македонската армија. На свеченоста присуствуваа претставници од Армијата, но и високи гости, командантот на Националната гарда на Вермонт, аѓутант-генерал Грегори Најт, бригадниот генерал Грег Кембел и претставници од делегацијата, градоначалници од Североисточниот регион, претставници од повеќе установи и институции, од бизнис-заедницата и граѓани. Командантот на ЗОК, генерал-мајор Павле Арсовски, во говорот ги истакна најзначајните моменти од развојот на Армијата, во година кога се одбележува 27 години од формирањето и 70 години од основањето на НАТО-алијансата. Учество во бројни мировни мисии, поддршка на заедницата, исклучително добро организираните воени вежби, беа потенцирани во говорот на командантот на ЗОК, Арсовски: „Пред нас и понатаму стојат големи предизвици, мисии и задачи. Секако, најголем предизвик ќе претставува нашето целосно заокружување на членството во НАТО-алијансата и успешното реализирање на процесот на пристапување и интеграции. Периодот што следи ќе означува понатамошен развој и модернизација на Армијата со нова опрема и подобрување на инфраструктурата во која живееме и работиме". „Армијата е столб на одбраната на државата, тука е секогаш кога е најтешко", рече, меѓу другото, командантот на 1. механизиран пешадиски баталјон, воедно и командант на гарнизонот Куманово, потполковник Стојанче Костов, осврнувајќи се на историските моменти од формирањето на Армијата. „Да се биде припадник на Армијата претставува огромна чест и задоволство, но и обврска. Императивите, обврските и одговорностите кои произлегуваат од војничката професија подеднакво ги делат сите нејзини припадници. Изминатите 27 години се успешна потврда дека со љубов кон татковината, лојалност, одговорност и посветеност кон реформите, цврсто уверени во нашите можности и во нашиот стручно-респектабилен човечки потенцијал, изградивме Армија достојна за почит и целосно подготвена за полноправно членство во НАТО", рече Костов.
На свеченоста беа прочитани телеграми со честитки, беа унапредени, наградени и пофалени припадници на кумановскиот гарнизон, беа доделени благодарници за соработниците. И, за крај, како и секогаш, имаше неформално коктел-дружење на припадниците на Армијата со присутните претставници од општините, институциите, установите, бизнис-заедницата. Под крошните на дрвјата, во дебела сенка, со пијалак и одлично подготвен војнички грав, кумановци не испуштија можност релаксирано да разговараат со припадниците на Армијата и да разменат идеи.

Александра Максимовска



# Свечено одбележан Денот на Армијата во КОД

Во Командата за обуки и доктрини во касарната „Алексо Демниевски-Бауман“ во Велес свечено беше одбележан 18 Август – Денот на Армијата. На свеченоста, на присутните гости, војници и старешини им се обрати и им го честиташе празникот командантот на КОД, полковник Љубенчо Петровски. Тој потсети на 18 август 1943 година, кога на Славеј Планина се формирал баталјонот „Мирче Ацев“ како прва организирана воена формација на војската во НОВ на Македонија. „Формирањето на баталјонот ‘Мирче Ацев’ широко ги отвори вратите за создавање на регуларна војска, која во виорот на војната ја достигна бројката од вкупно 66.000 борци, организирани во воени формации на баталјони, бригади, дивизии и корпуси. За жал, 24.000 борци ги положија своите животи на олтарот на слободата“, потсети полковникот Петровски. Тој потенцираше дека достигнувањата на полето во одбраната се нераскинливо поврзани со нашето исклучително богато историско битие, со делата и стремежите на илинденските херои и на патриотите од АСНОМ кои ги удрија темелите на современата македонска држава. „Денес нашата армија ги претставува сите жртви кои беа дадени низ децениите и вековите за слобода, мир, просперитет и развој на нашата татковина“, нагласи полковникот Петровски. Тој потсети дека во изминатите години Армијата на Р. Северна Македонија растеше и се развиваше за денеска да прерасне во армија која е на патот на полноправно членство на НАТО, вооружена сила способна за извршување на борбени и други дејства, а со тоа целосно ги исполнува националните и меѓународни обврски и задачи. „За ефикасна и силна армија, покрај структурата и опремата, од голема важност е и обученоста на персоналот. Затоа во фокусот на целокупните активности посебно место има Командата за обука и доктрини, која прерасна во единица што претставува двигател во поддршката на индивидуалната и колективната обука на командите и единиците на Армијата, со способен персонал за современите предизвици“, потенцираше полковник Петровски.



На свеченоста по повод празникот на Армијата, командантот на КОД, полковник Љубенчо Петровски, традиционално, на истакнатите старешини им врачи пофалници, награди и признанија.

Антоанела Димитриевска

# Свечено по повод Денот на Армијата и во Кабул, Авганистан

Денот на Армијата, 18 Август, го одбележаа и нашите припадници, претставници на МАККОН-10 во мировната операција „Одлучна поддршка“ во Кабул, Авганистан. На свечената вечера, што по тој повод беше организирана од страна на нашите претставници, присуствуваа командантот на Командата за обука, советување и асистенција на главниот град, бригаден генерал Јашар Дилбер, командантот на Меѓународниот аеродром „Хамид Карзаи“, бригадниот генерал Хасан Хусеин Канбур, како и високи претставници на САД и на Турција од Командата во која нашите претставници успешно ги извршуваат своите штабни должности. По тој повод, пригодно обраќање имаше најстариот национален претставник на македонскиот контингент, полковник Ѓорѓи Митриновски. Истакнувајќи го значењето на овој празник за Армијата и за државата, тој потенцираше дека силно верува оти припадниците на МАККОН-10 ќе продолжат успешно да ги извршуваат своите задачи, конзистентно и посветено, како и нивните претходници. „Република Северна Македонија силно застана со својата одлука да учествува во мисијата ‘Одлучна поддршка’ во Авганистан и заедно со останатите коалициски партнери да обезбеди мир, стабилност и слобода за авганистанскиот народ“, рече, меѓу другото, полковникот Митриновски. Во своето обраќање, честитајќи го празникот, бригадниот генерал Дилбер го истакна огромното задоволство од придонесот на штабните офицери од Армијата на Република Северна Македонија во работата на Командата за обука, советување и асистенција на главниот град. Воедно, по повод празникот на Армијата, нашите претставници успешно организираа и реализираа спортски настан – штафетно трчање.



На трката учествуваа претставници на дванаесет нации стационирани во базата на Меѓународниот аеродром „Хамид Карзаи“, како и екипа од македонските контрактори. „Спортот ги поврзува луѓето секаде, секогаш и во секаква ситуација. Ние денес сме овде заедно, претставници од сите земји, да го зајакнеме нашето пријателство и преку спортот да ја направиме уште поголема прославата на нашиот празник“, истакна, меѓу другото, во своето обраќање пред спортистите, полковникот Ѓорѓи Митриновски.




# Стратегиски концепт на Алијансата од 1991 година

Концептот на НАТО се темелеше на три стратегиски претпоставки: на државите-членки на НАТО веќе не им се заканува масовен напад од страна на државите-членки на Варшавскиот договор; без оглед на евентуалниот кооперативен однос меѓу државите-членки на НАТО и на Советскиот Сојуз, треба постојано да се има предвид советската воена моќ; заради посочените причини, земјите-членки мораат да ја зачуваат индивидуалната, а исто така и колективната одбранбена способност.“ Овој концепт на НАТО во голема мера се разликуваше од претходните. Имено, за прв пат еден концепт на НАТО беше достапен и отворен за анализа и критика од академската, експертската и пошироката јавност, но и за другите институции и организации. Во него, значително пошироко се гледа на безбедноста во Евроатлантската област како целина, но се нуди и партнерство и сојузништво со довчерашните идеолошки непријатели во Европа. Овие специфики придонесоа приоритет да има соработката наспроти конфронтацијата, но со потенцирање дека одржувањето на безбедноста на НАТО-членките и во Евроатлантската област е сè уште негова задача. Притоа, НАТО ја презема обврската да се ангажира во остварувањето на подобра и зајакната безбедност на европско тло.

Новиот Стратегиски концепт на НАТО беше најавен во Декларацијата од Лондон од 1990 година, а на Самитот на НАТО во Рим во 1991 година, лидерите на земјите-членки на НАТО истиот официјално го усвоија. Основните детерминанти кои доведоа до Концептот од 1991 година се промените во стратегиското безбедносно опкружување и новонастанатите состојби во Евроатлантската област предизвикани од „паѓањето“ на Берлинскиот ѕид, но и од неизвесните настани кои се случувале во тогашниот Советски Сојуз. Затоа, овој концепт е проткаен со недоверба и претпазливост кон поранешниот голем стратегиски и идеолошки противник (СССР), сведен на Руската Федерација. „Спектакуларните промени на евроатлантскиот стратегиски пејсаж, кои настапиле по завршувањето на Студената војна, во поранешните комунистички демократии, се рефлектирале и во Стратегискиот концепт на Алијансата во 1991 година. Деценијата на деведесеттите години наметна нови комплексни ризици поврзани со политката на угнетување, етнички конфликти, економски колапс, рушење на меѓународниот поредок и пролиферација на оружја за масовна деструкција.

> По крајот на биполарноста пред НАТО се појавија нови предизвици на кои требаше да се одговори, а се однесуваа на ефикасно менаџирање со кризите и намалување на можноста од конфликти и судири, како и на зголемување на заемната доверба и разбирање помеѓу земјите од Централна и Источна Европа и НАТО. Ваквите предизвици беа основа за усвојување на поинаков концепт на Алијансата од оние за време на Студената војна. Новиот стратегиски концепт на НАТО беше усвоен на Самитот на Алијансата во Рим во 1991 г.

Новиот концепт на НАТО беше составен од пет делови во кои се разработени конкретни концептуални решенија по одредени области. Првиот дел, насловен како „Стратегиски контекст“, содржи два подделови кои ја опишуваат новата стратегиска околина и безбедносните предизвици и закани. Поконкретно се опишуваат тектонските и историски промени кои настанаа во безбедносното опкружување во Евроатлантската област, а кои се оценуваат како позитивни. Во тој контекст, како голема позитивност се потенцира повлекувањето на советската армија од поранешните членки на Варшавскиот пакт што требаше да заврши до 1994 година, со што овие земји повторно го повратија својот суверенитет и се отворија вратите за почеток на длабоки општествени реформи. Реформите беа во насока на започнување на процесот

на имплементација на политиките за плурална демократија, за владеење на правото, на пазарната економија и за почитувањето на човековите права и слободи. Како мошне позитивно се истакнува и започнатиот процес на европска интеграција на земјите од европската заедница, не само во економска туку и во политичка и воена унија во која самостојно ќе се развива европскиот безбедносен идентитет. Во овој процес важна улога ѝ се придава и на Западноевропската унија, за која се цени дека ќе биде важен фактор во европската безбедносна архитектура после Студената војна.

Во однос на безбедносните предизвици се потенцира дека тие се од поинаква природа од оние во минатото и предизвикот од едновремен напад на НАТО-силите во Европа е во голема мера редуциран. Тоа ја прави конвенционалната војна помалку возможна во Европа, а ризикот по безбедноста од конвенционална војна е намален, Алијансата фокусот го става на нови ризици кои се променливи и тешко можат да се предвидат. Тежиштето е на ризиците од делот на кризниот менаџмент за кој е потребен брз одговор. Како ризици со кои Алијансата очекува да се справува во иднина и кои може да влијаат на безбедноста во Европа, концептот ги идентификува „политичката, економската и социјалната нестабилност, вклучително и етничките ривалства и територијални спорови со кои се соочуваат повеќе земји од Централна и Источна Европа". Меѓутоа, овие конфликти не се оценуваат како директна закана по безбедноста на земјите-членки на НАТО. Во секој случај, сè уште постои заканата од советските конвенционални и нуклеарни сили поради тоа што ниту една земја од Европа не поседува толкави сили и средства за да може да му парира на Советскиот Сојуз. Единствена способна сила која може да му парира на Советскиот Сојуз се САД. Присуството на САД во Европа се оценува како неопходно, со цел да се одржи балансот во воената моќ во Евроатлантската област. Од една страна, новата безбедносна средина не ја промени целта на безбедносната функција на Алијансата, но ги потенцираше различните варијации. Од друга страна, промените во безбедносната околина нудат нови можности за Алијансата да ја обликува својата стратегија преку широк пристап кон безбедноста.

За спроведување на безбедносната политика и за заштита на мирот и стабилноста, Алијансата предвидува



Процесот за редукција на конвенционалното и нуклеарното вооружување во Европа беше започнат и се одвиваше во согласност со Договорот од Стокхолм за изградба на мерки за доверба и безбедност и разоружување од 1986 година, Договорот од Вашингтон за уништување на нуклеарните проектили од среден дострел од 1987 година, Документите на КЕБС за изградба на мерки за доверба и безбедност од 1990 година, START-договорот од 1991 година и Договорот за конвенционалните сили во Европа од Париз од 1990 година



да продолжи да одржува не само воени капацитети способни да ја превенираат војната, туку и за ефективна одбрана, но и капацитети за успешно справување со кризите кои можат да ја нарушат безбедноста на нејзините членки.
Друг важен елемент е нудењето на политички дијалог со останатите држави и кооперативниот пристап кон безбедноста во Европа. Остварувањето на своите суштински цели, НАТО планираше да ги реализира преку следните фундаментални безбедносни задачи: одржување на стабилна безбедносна околина во Европа заснована врз развојот на демократските институции и посветеноста за мирно решавање на споровите; да служи како трансатлантски форум за консултации на сојузниците по сите прашања од заемен интерес;

Во делот именуван како „Безбедносни цели и функции на Алијансата" се реафирмираа есенцијалната задача на НАТО во согласност со Договорот од Вашингтон и Повелбата на ООН. НАТО ја потенцира заемната поврзаност и неделивост на безбедноста во Евроатлантската област која ќе се остварува и понатаму врз основа на заемната посветеност, заедничката соработка и солидарноста помеѓу суверените држави-членки на НАТО

одвраќање и одбрана на секоја закана од агресија против земјите-членки на НАТО; одржување на стратегискиот баланс во Европа.
Во согласност со новонастанатата безбедносна состојба во Европа, државите- членки на НАТО-сојузот, во иднина би се стремеле кон остварување и на следниве цели: заштита на мирот во нова Еропа; дијалог со новонастанати демократии, размена на информации и погледи за безбедносни прашања и за унапредување на дијалогот; јакнење на билатералната и мултитерална соработка меѓу европските држави на подрачјето на безбедноста со цел спречување на кризи; надминување на кризи и спречување на конфликти во цела Европа. Во остварувањето на овие фундаментални задачи свој придонес треба да имаат и останатите европски институции како Европската комисија, Западноевропската унија и КЕБС, во согласност со своите можности, одговорности и цели во наведените области.
Во третиот дел насловен како „Широк пристап кон безбедноста", НАТО акцентот го става на заштитата на мирот во нова Европа, на дијалогот и соработката помеѓу земјите-членки на Алијансата и со партнерите, на колективната одбрана, на менаџментот со кризи и превенција на конфликтите. НАТО го задржува сеопфатниот пристап кон безбедноста и во новата констелација на односи во Европа после рушењето на Берлинскиот ѕид. Со тоа се отвора нова можност за остварување на поставените цели со политички средства и без употреба на воената моќ. Алијансата во концептот го проширува пристапот кон остварувањето на безбедноста со ставање на поголемо внимание врз прашањата од економската, социјалната и еколошката сфера. Тежишна улога во справувањето со безбедносните предизвици на Алијансата добиваат заемната соработка и



дијалог со сите заинтересирани земји наспроти одбранбената компонента, но не се заборава и на одржувањето на колективните одбранбени способности. Преку овие механизми, НАТО смета дека ќе се намали ризикот од недоразбирањата помеѓу државите кои се основа за продуцирање на конфликти. Тоа ќе ѝ овозможи на Алијансата полесно да се спротивстави на кризите кои влијаат на безбедноста на земјите-членки на НАТО и на другите држави во Евроатлантската област. Исто така, со тоа ќе се подобри заемното разбирање и соработка и ќе се отворат повеќе можности за создавање на искрени и вистински партнерства во решавањето на заедничките безбедносни предизвици. Овие одредби од Стратегискиот концепт на НАТО од 1991 година ја отворија вратата за конкретна изградба на партнерства со земјите кои не се членки на НАТО. Практична операционализација на политиката за изградба на партнерства се конкретизира на Самитот на НАТО во Брисел во 1994 година, кога официјално се промовираше програмата „Партнерство за мир".
Во четвртиот дел, насловен како „Насоки за одбранбените принципи на стратегијата на Алијансата", во Концептот се потенцира дека новиот широк пристап кон безбедноста иницира и сосема подруги концептуални решенија со насоки како ќе се трансформира НАТО во наредниот период. Обликувани се и подобрувања преку кои ќе се создаде Алијанса која ќе се потпира врз нови редуцирани принципи на флексибилен одговор и со намалена улога на нуклеарните сили. Исто така, редефинирани се и мисиите на воените сили на земјите-членки на НАТО, во смисла на сили кои ќе бидат подготвени да дејствуваат во мирно време, во време на криза и во војна. Одржливите сили на Алијансата треба да бидат трансформирани врз основа на нивната големина, готовност, достапност и распоредливост во согласност со новото променливо безбедносно опкружување и почитувањето на договорите за контрола на вооружувањето.
Во заклучниот дел се потенцира дека овој Стратегиски концепт е подготвен во согласност со актуелните промени во безбедносното опкружување и политиката на Алијансата заснована на дијалог, соработка и ефективна колективна одбрана. Исто така, се најавува дека важноста на Стратегискиот концепт е определена до 1999 година, кога НАТО повторно ќе го ревидира концептуалните решенија дадени во овој документ.
Со концептуалните решенија и насоките за трансформација се најавија нови механизми наменети за соработка и дијалог со земјите од Источна и од Централна Европа и се отвораат можности за идно проширување на Алијансата со нови земји-членки во согласност со Вашингтонскиот договор од 1949 година.

д-р Игор Ѓорески




# Организации и агенции на НАТО

Агенциите на НАТО се суштински дел од Алијансата и претставуваат витален механизам за набавка и одржување на капацитетите. Тие се извршни органи за набавки, логистички или услужни дејности. Иако организациите и агенциите на НАТО се автономни, сепак работат под повелбите од Северноатлантскиот совет и се основани да ги исполнат колективните барања на некои или на сите сојузници на Алијансата

На Лисабонскиот самит во 2010 година, шефовите на државите и владите на НАТО се согласиле да ги реформираат 14-те постоечки агенции на НАТО, лоцирани во седум земји-членки. Сојузниците се согласиле да ги рационализираат агенциите во три главни програмски теми: набавки, поддршка и комуникации и информации. Реформската активност на агенциите е дел од тековниот процес на реформата на НАТО која, исто така, ги разгледува промените во воената командна структура. Таа била започната со цел да ја зголеми ефикасноста и ефективноста во испораката на способности и услуги и да ја зголеми транспарентноста и одговорноста. Реформата е имплементирана постепено низ неколку фази за да се постигне зголемената ефективност и заштедата на трошоците. Во јули 2012 година била постигната значајна пресвртница со создавање на четири нови НАТО организации, преземајќи ги функциите и одговорностите на постојните агенции.

## Нови НАТО организации

**1. Агенцијата за комуникации и информации (NATO Communications and Information Agency - NCIA)** обезбедува информатички услуги во целиот свет, набавки и поддршка во областите како што се командните и контролните системи, тактичките и



стратешките комуникации и сајбер-одбранбените системи.
Агенцијата делува како главен НАТО консултант, како испорачател и провајдер на комуникациски и информациски системи. Обезбедува ИТ-поддршка на штабот, на командната структура и на агенциите на НАТО. Исто така, обезбедува напредна технологија и комуникациски способности за команда, контрола, комуникации, компјутери, разузнавање, надзор и извидување (C4ISR) во насока на поддршка на донесувачите на одлуките и мисиите на Алијансата. Агенцијата овозможува соработка и размена на информациите помеѓу НАТО и другите сојузнички тела, вклучувајќи ги и новите закани и предизвици како што се сајбер и ракетната одбрана.
Оваа агенција е формирана на 1 јули 2012 година преку спојување на: NATO C3 Organisation, NATO Communication and Information Systems Services Agency, NATO Consultation, Command and Control Agency, NATO Air Command and Control System Management Agency и NATO Headquarters Information and Communication Technology Service. Агенцијата за комуникации и информации е предводена од генерален директор со седиште во Брисел, Белгија. Таа има главни локации во Хаг, во Холандија и во Белгија, покрај повеќе од 30 канцеларии во Авганистан.

**2. Агенцијата за поддршка на НАТО и јавни набавки (NATO Support and Procurement Agency - NSPA)** обезбедува ефективни и економични набавки, вклучувајќи и набавки на вооружување, логистика, оперативна и системска поддршка и услуги на сојузниците, воените власти на НАТО и партнерските земји. Вработува околу 1200 припадници во оперативните центри во Франција, Унгарија, Италија и Луксембург.
Со седиште во Капелен, Луксембург, агенцијата ги спојува активностите за поддршка на логистичките и набавките на НАТО во една организација, обезбедувајќи интегрирани мултинационални решенија за поддршка на сојузниците и партнерите на НАТО. Работи врз основа на принципот „без профит – без загуба“ („no profit - no loss“ basis). Нејзината мисија е да обезбеди одговорни, ефективни и економични логистички услуги за системи и операции во време на мир, на криза или на војна.
Агенцијата е организирана во три деловни сегменти: NATO Airlift Management Programme, Central Europe Pipeline System Programme и Logistics Operations.
Во првиот сегмент спаѓа управувањето и поддршката на воздухопловните средства за превоз во мултинационална воена единица формирана од страна на земјите-учеснички со тешките транспортни авиони „Globemaster III C-17A“. Истите се потребни за националните операции, вклучувајќи ги и оние за поддршка на НАТО, на ЕУ и на ООН. Големите карго авиони се сертифицирани и регистрирани како унгарски државни авиони, со главна оперативна база лоцирана во Папа, Унгарија, каде што во текот на 2010 година, на воена воздухопловна вежба престојуваа транспортните и борбените хеликоптери на Воздухопловната бригада при АРМ.
Вториот сегмент управува со работењето, финансирањето и одржувањето на интегриран, прекуграничен систем за гориво, со складирање и поддршка на оперативните воени барања на НАТО. Се наоѓа во Версај, Франција. Членки на оваа програма се: Белгија, Франција, Германија, Луксембург, Холандија и САД.
Третиот сегмент, единицата за логистички операции, обезбедува широк спектар на можности за поддршка на повеќе системи за оружје, опрема и логистички услуги со цел поддршка на операциите. Овие логистички способности и услуги се обезбедуваат преку мултинационални правни рамки, како и билатерални и мултинационални договори. Сите овие способности служат за поддршка на НАТО и неговите земји-членки за време на вежбите и за време на распоредувањата под операциите што ги одобрува Северноатлантскиот совет.
Агенцијата била формирана на 1 јули 2012 година преку спојување на три поранешни агенции за поддршка во служба: NATO Maintenance and Supply Agency, NATO Airlift Management Agency и Central Europe Pipeline Management Agency.



**3. Организацијата за наука и технологија на НАТО (The NATO Science and Technology Organization - STO)** ја вклучува Канцеларијата за програми за наука и технологија и Центарот за поморско истражување и експериментирање. Канцеларијата, порано позната како Агенција за истражување и технологија, се наоѓа во Неили-сур-Сен, Франција, а Центарот за поморско истражување и експериментирање, порано познат како Центар за истражување на подморскиот дел на НАТО се наоѓа во Специја, Италија. Оваа организација е предводена од главен научник, со седиште во Брисел, кој служи како висок научен советник во НАТО.

**4. Канцеларијата за стандардизација на НАТО (The NATO Standardization Office – NSO)** обезбедува поддршка и администрира активности за стандардизација под надлежност на Комитетот за стандардизација. Со цел координиран развој на политиките, процедурите и опремата на членките на НАТО заради зајакнување на воената ефективност и ефикасност на организацијата, во јануари 1951 година во Лондон била формирана Воената канцеларија за стандардизација.
Со седиште во Брисел, Канцеларијата му помага на Воениот комитет на НАТО во развивањето на воените оперативни стандарди.
Овие активности ја поттикнуваат стандардизацијата на НАТО за да се зајакне интероперабилноста и оперативната ефикасност на воените сили на Алијансата. Директорот на оваа канцеларија е главен советник на Воениот комитет за развој и координација на активностите за стандардизација. Таа поттикнува имплементација на Договорите за стандардизација (STANAGs) преку планирање на одбраната. СТАНАГ е документ на НАТО кој го одредува договорот на земјите-членки за спроведување на стандардот.
Директорот ги прогласува сите ратификувани STANAGs и сојузничките публикации (APs). Тој директно се поврзува со претседателите на комисиите на НАТО, штабовите, стратешките команди и директно комуницира со секоја команда на НАТО, агенција или персонал за прашања поврзани со стандардизацијата на НАТО.

Драган Павловски



# Вооружените сили на **Италија**

Претседателот на државата е и врховен командант на вооружените сили (ВС) и претседава со Врховниот совет за одбрана, во чиј состав се: премиерот, министрите за надворешни, за внатрешни работи, за економија и финансии, за економски развој, за одбрана и началникот на одбранбениот Генералштаб. На предлог на министерот за одбрана, претседателот го назначува началникот на Генералшабот. Во согласност со законските регулативи, министерот за одбрана ги спроведува директивите на Владата за одбрана и безбедност, поднесени до Врховниот совет за одбрана и одобрени од Парламентот; издава насоки за прашања од воената политика, безбедноста и разузнавањето, како и за техничко-административните активности на одбраната; учествува во сите европски и меѓународни организации вклучени во одбраната и воената безбедност и ги одобрува воените и оперативните планови и финансиските програми. Министерот за одбрана поднесува посебен

Италија е република со два законодавни дома (Сенат и Дом на пратеници). Се простира на површина од 301.336 км2 и во неа живеат близу 61 милион жители. Основачка земја-членка е на НАТО во 1949 година и на Европската економска заедница во 1957 година. (од 1993 година – ЕУ)









Република Италија е земја-домаќин на Командата на сојузничките здружени сили „Неапол“, на Командата на Корпусот за брзо распоредување Италија  и Воздухопловниот центар за командување и контрола од составот на НАТО-командата за операции (ACO), како и на НАТО-одбранбениот колеџ (NDC), НАТО-школото за комуникациски и информациски системи, Центарот за поморско истражување и експериментирање (CMRE) и Центарот за совршенство за НАТО-моделирање и симулации (MSCE)

извештај за борбената готовност на секој вид на ВС поединечно и за бројот на жени на доброволно служење на воениот рок. Началникот на одбранбениот Генералштаб е воен советник на министерот за одбрана, негов непосредно потчинет, и тој е одговорен за спроведување на директивите. Одговорен е за организацијата, планирањето и распоредувањето на армијата.
Под негова директна команда се Здружената команда за операции (COI), Здружената команда на силите за специјални операции (COFS) и Центарот за одбранбени студии (CASD).
Здружената команда за операции развива стратегиски и оперативни сценарија, врши анализи на активностите, утврдува научени лекции и развива корективни мерки. Таа учествува во одбранбеното планирање, развива доктрина за операции, одговорна е за оперативното планирање и менаџира со здружени операции и вежби.
Здружената команда за специјални операции е надлежна за планирање, подготовка и извршување специјални операции на непријателска територија или непристапни средини. Во извршувањето на задачите можат да бидат поддржани и од други сили – падобранци, ренџери и извидувачи, како и од амфибиски единици, во поморски операции или од авијациски и хеликоптерски формации. Центарот за одбранбени студии е највисока образовна институција во областа на безбедносните и одбранбените студии. Во негов состав се: Италијанскиот институт за напредни одбранбени студии, Здружениот штабен колеџ и Воениот центар за стратешки студии.

## Копнена војска (КоВ)

Под команда на Генералштабот на КоВ се: Командата на оперативни сили на КоВ и командата за операции; Командата на оперативни сили СЕВЕР; Командата на оперативни сили ЈУГ; Командата на сили за поддршка; Командата на алпинистички единици; Командата за логистичка поддршка; НАТО-корпусот за брзо распоредување; Командата за обука и доктрини и Воената команда на престолнината. Командата на оперативни сили и командата за операции (COMFOTER COE) е одговорна за прашања поврзани со операции, обука, подготовки, симулација и сертифицирање на оперативните единици. Под нејзина команда се: Командата на авијацијата на КоВ (во чиј состав се: бригада на



Министерството за одбрана има цел создадавање помлада, рационална и флексибилна кадровска структура, применувајќи посовремени критериуми за вработување и напредување во кариерата. Со намалувањето на бројот на активниот состав, повеќе внимание се посветува на резервниот состав

авијација на КоВ, Центар за обука и бригада за поддршка), и Командата на специјални сили на КоВ – COMFOSE (во чиј состав влегуваат: падобрански полкови - борбен, извидувачки и алпинистички и центар за обука). Командата на оперативни сили СЕВЕР (COMFOP NORD) е одговорна за одредени, важни операции и укажување помош на државните и локалните институции (цивилната заштита и полициските сили) во северна и централна Италија. Под нејзина команда се: механизирана бригада, во чиј состав влегуваат полкови – механизиран, марински, артилериски, инженериски и логистички, како и баталјон за поддршка и воен оркестар; оклопна бригада, со состав: 2 тенковски, механизиран, артилериски, инженериски и логистички полк и баталјон за поддршка; воздушно-десантна бригада, составена од: воздушно-десантен полк, 2 воздухопловни винга и баталјон за поддршка; падобранска бригада, составена од: полкови – 3 падобрански, механизиран, артилериски, инженериски и логистички, баталјон за поддршка и центар за обука. Командата на оперативни сили ЈУГ (COMFOP SUD) ги координира активностите поврзани со регрутирањето, подготовка на сили и информирање на јавноста. На територијата ги приспособува активностите со активностите на институциите на локалната власт. Составена е од 5 механизирани бригади со полковски состави. Командата на сили за поддршка (COMFOTER SUPPORTO) е надлежна за: Командата за артилерија (2 артилериски полка, центар за обука и АБХО полк); Командата за ПВО (3 полка ПВО и центар за обука); Командата за инженерија (2 пионерски полка, понтонирски полк, Counter IED Centre of Excellence, мултинационална група за цивилно-воени односи, и центар за обука); Командата за врски (алпинистички полк за врски и 6 полка за врски); Бригадата за електронско војување (полк за ЕВ, извидувачки полк и баталјон за врски) и Командата за логистичка поддршка (логистички полк и 4 медицински единици). Командата на алпинистички единици (COMTA) е одговорна за обуката и борбената готовност на алпинистичките единици. Под нејзина команда се: 2 алпинистички бригади, баталјон за поддршка и алпинистички центар за обука. Во состав на Командата за логистичка поддршка (COMLOG) се: 2 логистички полка, транспортен полк и баталјон за обука на кучиња. НАТО корпус за брзо распоредување (NRDC-ITA) - Командата е мултинационална, во која Италија обезбедува 70% од персоналот. Останатите 30% (400 воени лица) се од други НАТО држави. Мултинационалниот аспект е клучен фактор и овозможува NRDC-ITA успешно да функционира и да интервенира во кризни области, согласно одлуките од страна на Северноатлантскиот совет (NAC). Неа ја опслужува бригада за поддршка, во состав: полк за врски и логистички полк. Команда за обука и доктрини (COMFORDOT) е формирана во 2013 г. и во нејзин состав се: Армискиот центар за симулации, Командата за обука, центрите за обука на родовите пешадија, оклопни единици и АБХО, медицинско и ветеринарно училиште, училиштето за администрација и логистички полк.



Воената команда на престолнината ги координира активностите поврзани со регрутирањето и резервните сили, како и со информирањето на јавноста. Под нејзина команда се воено-географскиот институт, воениот оркестар, воените музеи и логистичка единица.

## Воено воздухопловство (ВВ)

Под команда на Генералштабот на ВВ се: Командата на воздухопловниот скводрон; Командата на 1. воздухопловен регион; Командата на воздухопловното училиште/ Команда на 3. воздухопловен регион и Командата на воздухопловната логистика. Командата на воздухопловниот скводрон е највисоко претпоставена команда на оперативните единици на ВВ (првопотчинети команди, бригади, аеродроми, одделенија за обука, летачки групи, радарски групи итн.). Одговорна е и за оддржување на борбената готовност на возухопловните единици; Командата на 1. воздухопловен регион – координатор и контролор на активностите на теренот и воздухопловните единици ангажирани за извршување на одредени задачи; Командата на воздухопловното училиште/Команда на 3. воздухопловен регион. Во основа, овие две команди се споени и функционираат како една. Работат на селектирање и на подготовки на персонал за извршување на задачи во ВВ. Командата на воздухопловната логистика обезбедува техничко-логистичка поддршка, неопходна за постигнување на максимална оперативност на воздухопловните сили, со цел обезбедување неопходна ефикасност на борбените системи, вооружувањето, опремата, возилата, инфраструктурата, материјалите, стоките и услугите, како и здравствена помош за вработените.

## Воена морнарица (ВМ)

Структурата на ВМ се заснова на три функции на морнарицата: оперативна (содржана во Оеративната команда - CINCNAV – COMSUBIN), логистичка (Логистичка команда – COMLOG) и за обука (Команда за обука – COMS-CUOLE).

## Одбранбени прашања

Процентот од БДП, кој Италија го издвојува за одбраната, во изминативе 3 години е постојан и изнесува 1,15% (26 милијарди долари). Истиот варира од 2011 година, кога изнесувал 1,30% (30 милијарди долари) и опаднал до 1,01% во 2015 година. (20 милијарди долари). Со плановите за развој на армијата, започното е со намалување на бројот на персонал во армијата, од 190.000 воен и 30.000 цивилен персонал во 2012 година (сега 180.000), до ниво 150.000 воен и 20.000 цивилен персонал. Со резервниот персонал се обезбедуваат оперативни способности кои не се исплатливи за одржување во активниот состав на армијата, со вклучување на цивилните структури и професии. Целта е создавање „оперативна резерва“, која би требало да вклучи: специјалистички способности, кои вообичаено не се дел од активниот состав или се недоволни (лекарски и болнички персонал, инженери, експерти по комуникации, контрактори); комплементарни способности, кои би се користиле во операции со помал ризик и за нив не е потребна дополнителна обука. Со нивна употреба би биле зачувани силите со висока борбена готовност, потребни за ангажирање во борбени операции со висок ризик; дополнителни способности, кои имаат цел поддршка и зајакнување на активниот состав, со подолго време за подготовка за подолгорочен ангажман во операции; мобилни способности, сили за поддршка и помош на активниот состав за вршење мобилизација.



М.С.



# 20 ГОДИНИ ОД ПРО
# НА ПРВИТЕ ПОТП
# ШКОЛУВАНИ НА ВОЕНАТА А



Во 1999 година од академските клупи беа произведени 123 потпоручници за потребите на Армијата, а во согласност со стратегиската определба за членство во Алијансата, школувањето беше реализирано според концепт и програма усогласени со стандардите на НАТО. Оваа прва генерација питомци која своето школување го почна од прва година на нашата Воена академија, е заведена како петта класа, со цел да се земат предвид и претходните четири класи кои се дошколуваа во Одделението за школство и во Установата за обучување на воени старешини кои функционираа во 1995 година. Оваа генерација се школуваше и растеше во комплицирано време. Школувани во транзициско време, а веднаш по завршување соочени со криза во државата и глобална војна против тероризмот, офицерите

Оваа година е од посебно значење за Армијата, бидејќи на претстојниот самит во Лондон посветен на 70-годишниот јубилеј на НАТО очекуваме да биде потврден приемот на Република Северна Македонија во Алијансата. Но, оваа година, Армијата одбележа уште еден јубилеј. Изминаа точно 20 години од промоцијата на првата генерација офицери комплетно школувана во нашата држава на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ во Скопје



# ОМОЦИЈАТА
# ОРУЧНИЦИ
# КАДЕМИЈА



Потребата за едукација и создавање на сопствен кадар одигра клучна улога во минатиот период кога се извршија неопходните трансформации на Армијата во мала, модерна и мобилна армија според новите трендови на западните армии

од петтата класа ги надминаа очекувањата. Досега од нивните редови произлегоа 1 генерал, 11 полковници и 51 потполковник, од кои 33 завршија Командно-штабна академија, 4 се со школа за национална одбрана, има 9 магистри и 3 доктори на науки поставени на раководни позиции во Армијата, на кои им претстои и раководење со Армијата како НАТО-членка, бројки коишто за брзо време сигурно ќе пораснат.

Со донесување на Указ за прогласување на Воената академија врз основа на одлуката на Собранието на 7 јуни 1995 година, се отвори патот за официјално започнување на наставата во првата академската година на 1 октомври 1995 година. Веднаш по прогласувањето на Законот, Воената академија распиша конкурс за прием на питомци во прва година во учебната 1995/96 година. На конкурсот се пријавија вкупно 820 кандидати кои, покрај оценката на успехот во средното образование, требаше да поминат и строги тестови на интелектуалната способност, тест по математика, проверка на физичката подготвеност и на здравствената способност. Учебната 1995/1996 започна со вкупно 142 питомци.

По изборот на кандидатите на 27.9.1995 година, тогашниот декан на Воената академија, д-р Стојче Десковски, го одржа и првиот состанок – свечен час. Веќе следниот ден питомците од петтата класа беа упатени на логорување во траење од 10 дена во ЦО „Пепелиште". На тој прв терен во ЦО „Пепелиште", тогашниот началник на Генералштабот на Армијата, генерал Драгољуб Боцинов, им порача на петтата класа питомци дека ќе бидат „офицери на 21 век" и предводници за членството во НАТО. Со нивното промовирање во 1999 година, во Армијата се внесе неопходната свежина со офицери од „домашно производство", а истовремено школувани според западните критериуми.



Четиригодишното школување се спроведуваше според единствениот Наставен план и програм – НПП за наставата во 1. и 2. година и преку насоченото школување во 3. и 4. година за стручно профилирање според потребите на родовите во Армијата (пешадија, артилерија, артилериско-ракетни единици за ПВО, оклопно-механизирани единици, врски и инженерија) и со изработка и одбрана на дипломска работа со промовирање во чин потпоручник како круна на школувањето.

За четирите академски години од школувањето, избраните питомци имаа вкупен фонд од 4308 часови за настава, од кои 3508 +780 = часови, од кои 3508 како академска настава составена од:

1. 31% општествени науки (од кои општи 15%, воени 8% и странски јазик 8%).
2. 17% природно-математички науки.
3. 18% технички науки (од кои општи 7% и воени 11%).
4. 17% воени науки.
5. 17% посебни форми на настава (воена обука А + физичко воспитување).

И 780 часови за посебните форми

| | |
|---|---|
| 1. Општествени науки (општи - 15%, воени 8% и странски јазик -8%) | 31.00 % |
| 2. Природно-математички науки | 17.00 % |
| 3. Технички науки (општи - 7% и воени 11%) | 18.00% |
| 4. Воени науки | 17.00 % |
| 5. ПФН (воена обука -А + ФВ) | 17.00 % |
| | 100.00 % |

на настава (воена обука Б), која се изведуваше во зимскиот и во летниот период во сите четири години.

НПП, според кој се спроведуваше школувањето и креирањето на идните офицери, беше формулиран преку три основни целини: академска (високообразовен дел), воена обука (општа и специјалистичка според родовите во Армијата) и физичко воспитување со крајна цел стекнување на фундаментални знаења од општествените, природно-математичките, техничките и воените науки; широка, општа и техничка култура и оспособување за натамошно школување и самообразование – лична наобразба; информатичка способност за работа во службата; потполно совладување на странските јазици (англиски + јазик по избор); психофизичка подготвеност; висока военостручна оспособеност на тактичко ниво и потполна обученост за извршување на почетните командирски и други должности во единиците на Армијата, што се покажа како клучно при

извршувањето на неопходното пополнување и замена на командирскиот кадар во Армијата во тој период.
За горенаведниот концепт на школување Академијата доби високи оцени од компетентните странски авторитети кои беа во посета, како и преку големиот број посети на воени академии во САД („Вест поинт“ и други школи), во Турција, Бугарија, Грција, Германија, коишто беа корисни за да се споредат различни воеоедукативни системи, како и искористување на одредени решенија, со цел подобрување на нашиот воен едукативен систем.
Сиот овој повеќегодишен труд и посветеност на наставниот и старешинскиот кадар на Академијата во креирањето на македонската класа офицери беше препознат во државата и пошироко, што се виде и на 29 јули 1999 година, кога на денот на промовирањето на првата

> Воената академија преку правилната програма и избор создаде кадар кој ја раководи армијата во правилна насока кон НАТО-интеграцијата и кој понатаму ќе може слободно да биде поставен и на клучни и раководни позиции во НАТО-штабовите и командите

своите способности и познавања ги задоволуваат стандардите на армиите на земјите-членки на Северноатлантската алијанса“, по што го прочита актот за произведување-промовирање на 123 питомци во чин потпоручник, специјализирани за родовите: пешадија, артилерија, артилериско-ракетни единици и ПВО, оклопно-механизирани единици, врски и инженерија.





генерација офицери присуствуваше сиот тогашен државен врв, како и голем број странски високи и воени претставници. Тогашниот декан на Воената академија, проф д-р Стојче Десковски, го истакна историското значење на овој настан – Армијата за прв пат ги доби првите офицери целосно школувани во својата земја, за што рече: „Профилиран е нов тип на старешини во АРМ, кои со

Промотор на првата генерација завршени питомци беше тогашниот врховен командант на Армијата и претседател на државата, господинот Киро Глигоров, кој изразувајќи задоволство од можноста да ја претстави првата класа произведени воени старешини, истакна дека овој настан претставува гордост не само за Армијата, туку и за целата држава. Посочувајќи ги основните

задачи кои претстојат пред оваа и следните генерации питомци запишани по формирањето на Воената академија во 1995 година и поздравувајќи ги првите македонски потпоручници рече: „Македонските офицери се оние на кои останува товарот за раководење и заштита на територијалниот интегритет и суверенитет на нашата татковина. Вие ќе го обезбедувате мирот и



стабилноста во земјата и пошироко, пред сè поради развојот на демократијата и просперитетот во Македонија и нејзиното интегрирање во европското семејство. Огромно е задоволството кога може да се види дека од нашата армија излезе првата генерација питомци. Верувам дека понатаму, секоја година, ќе имаме нови генерации македонски старешини. Тие ќе бидат столбот на македонската безбедност и одбрана“. Доказ за квалитетниот избор, посветеност и подготовка на Воената академија е фактот што за овие 20 години, голем дел од офицерите на петтата класа го продолжија школувањето во елитните школи на странските армии каде што покажаа





високи познавања на воените вештини во однос на останатите учесници, така што често се прогласувани и за најдобри студенти на школувањата. Дека самиот посебен пристап кон обучувањето и воената дисциплина даде видни резултати сведочи фактот дека старешините од петтата а-класа уште од самиот почеток беа поставувани на клучни командирски должности, како на пример, командири или заменици-командири на караули. Денес, од оваа прва генерација офицери, голем дел се поставени на раководни и одговорни должности како началници на штабови и секции во самостојни баталјони и команди на ниво бригада/полк, како и во Здружената оперативна команда, до команданти на полкови, бригади и самостојни баталјони.
Офицерите од петтата класа се покажаа и како успешни раководители на разни вежби, меѓу кои и на последната и најголемата досега одржана вежба кај нас, вежбата „Одлучен удар“, на која директор на вежбата беше офицер од оваа класа, исто како што се покажаа и како водачи-предводници на првите мисии во Ирак и во Авганистан, за што говорат и големиот број одликувања. Офицерите од оваа класа досега се одликувани со голем број одликувања, како што се ордени за храброст и ордени за успешност на единиците со кои раководеле, доделени од страна на врховниот командант и претседател на државата, како и голем број одликувања од странски генерали и претставници од странство за успешните ангажирања и посветеност во мисии и активности надвор од државата.
Креатор на монографијата на најпретставителната единица на Армијата, Баталјонот за почести (познат и како гарда) и на „првата македонска сабја за почести“ е токму еден од офицерите од петтата класа, кој беше воедно и командант на оваа единица.
За жал, мора да ги споменеме и неколкуте припадници на оваа класа, кои на браникот на татковината и професионалниот ангажман го дадоа и својот живот. Квалитетниот образовен систем, креиран според сопствени потреби, е од особено значење, не само за Армијата туку и за државата, бидејќи сопствениот кадар е тој што ќе го движи системот и општеството понатаму.

Марјан Зафировски

# Оперативна вештина на специјалните сили



Оперативната вештина бара визија на лидерството, сфаќање на состојбите и условите во оперативното опкружување но, пред сè, бара да се одлучува рационално наспроти емотивно. Оперативната вештина наједноставно се објаснува како вештина да се поврзат целите, средствата и методите, а одговара на три клучни прашања: 1. Кои воени и политички услови треба да се создадат за да се постигнат стратегиските цели? 2. Кои активности треба да се преземат за да се создадат тие услови? 3. Како најдобро да се применат ресурсите (човечки и материјални) за да се спроведат активностите за постигнување на зададените цели? Во тој контекст, како и во секоја друга професија, така и во војската постои конкуренција која произлегува од

Под оперативна вештина се подразбира начинот на употреба на вооружените сили за постигнување на стратегиски цели. Во воена состојба тоа се прави преку организација и интеграција на единиците и командите во битки, операции и кампањи, додека во мирновременска состојба оперативната вештина опфаќа планирање, организирање, градење и одржување на воени капацитети и способности кои се рационални, економски прифатливи и практично корисни за да ги поддржат стратегиските цели на државата

потребите од различни вештини на пазарот на трудот. Во сите војски во светот постои традиционален напревар меѓу војниците, кои секогаш првенствено се идентификуваат со единицата во која служат, потоа со родот или службата и, на крај, со видот на кој му припаѓаат. Едно е заедничко за сите припадници на вооружените сили: сите сметаат дека нивната специјалност е најважна. На пример, се смета дека пешадијата е неопходна за да се доминира на боиштето, врските се „нервниот систем“, разузнавачите се „очи и уши“, артилеријата е „кралица“ на војната, оклопните единици се „челична тупаница“,



без логистика никој од овие нема да може да дејствува итн. Секој има свој придонес и сите се подеднакво важни, меѓутоа во однос на процената на оперативното опкружување, заканите и финансиите на располагање, нормално е дека во одредени околности, едни се поприоритетни во однос на другите. Најпосакувана состојба за вооружените сили на која било држава е тие да бидат организирани врз основа на принципот на градење на способности. Ова значи располагање со капацитети од сите можни видови, родови и служби, без оглед на реалната воена, политичка и економска состојба во земјата или опкружувањето во кое се наоѓа. Ова е многу скапа опција и затоа во реалноста државите тежнеат да ги развиваат војските, тргнувајќи од процените за заканите кои реално се очекуваат. Ова е финансиски поисплатливо во однос



на градењето способности за кои веројатноста за употреба е мала или никаква. Бидејќи современата војска е економски товар дури и за богатите држави, политичкото лидерство секогаш бара добро образложение, поради што е неопходно да се инвестира во одредени воени капацитети и способности. Во современото војување, некои од воените способности губат од значење поради промената на оперативното опкружување и карактерот на заканите и се случува секој род да се бори да остане релевантен во структурата на војската. Сè додека ривалството е здрав натпревар кој го подобрува квалитетот, сè е во ред. Но, кога ќе се претвори во игнорирање на реални побарувања на сметка на емотивно промовирање на способности кои не се соодветни, тоа може да направи штета на државата во луѓе, време и пари. Веќе две декади специјалните сили се доминантен концепт во современите конфликти. Во долгата војна против тероризмот која започна по нападите на 11 септември 2001 година, први кои стапнаа на боиштето беа специјалните сили, а најверојатно последни ќе заминат, и тоа повеќе години откако ќе се стабилизираат, државите во кои интервенирале и само откако сите конвенционални сили ќе се повлечат. Затоа воените теоретичари и практичари на војските во НАТО во последните десет години отворија дебата дека специјалното војување станува сè порелевантно во современите војни. Хибридните закани наметнаа потреба западните армии да развиваат посебна оперативна вештина во доменот на специјалното војување. Ова подразбира водење на кампањи во кои специјалните сили ќе бидат примарната алатка за остварување на стратегиските цели. За ова да се направи потребно е поседување на посебни когнитивни капацитети кои ќе го препознаат значењето и улогата на специјалните сили во идните конфликти.
Аргументот дека во воените кампањи и операции кои допрва ќе следат ќе доминира специјалното војување е предложен врз основа на бројни искуства. Исто како и за време на Студената војна, специјалните сили се најповолни за стабилизирање и дестабилизирање на држави со минимално, дури и незабележително присуство. Ова се прави преку помагање, организирање и обучување на бунтовнички или противбунтовнички сили за самите да ја остварат целта. Има доволно позитивни примери каде специјалните сили успешно применувале методи од тактичко до стратегиско ниво, а зависно на чија страна се, вршеле интеграција на пријателски сили или неутрализација на противнички. Ова се операции кои може да траат долго време, во некои случаи и со децении. Во последните 50 години има многу примери од вакви успешни операции низ светското боиште, а некои од нив сè уште се строго доверливи или тешко може да се потврдат.
Стратегискиот ефект на специјалните сили е историски докажан, меѓутоа за да се извлече максимум од нив, потребно е да се приспособи конвенционалната оперативна вештина во согласност со уникатните карактеристики на специјалното војување. За да се постигне ова, покрај познавања од оперативната вештина, командантите и планерите треба да имаат познавања од



областа на специјалното војување и современите конфликти кои сè повеќе стануваат нелинеарни. Во последните две декади, противникот користи неправилни методи на војување, комбинира конвенционална и неконвенционална доктрина, а борбите гравитираат околу населените места. Ако се интегрира специјалното војување како логичен елемент на современата оперативна вештина, тоа ќе им овозможи на здружените сили подобро разбирање на стратегиските и оперативните центри на гравитација на противник кој војува нелинеарно.
Во НАТО веќе некое време е идентификувано дека постои ургентна потреба од едукација

За да се остварат политичките цели со воена сила, политичкото лидерство треба да обезбеди создавање на ефективни сили, додека воеността лидерство е одговорно да обезбеди нивна ефикасна примена. Мерка за практикување на добра оперативна вештина е оправдано и корисно ангажирање на луѓе и средства



на конвенционалните планери за кампањи и операции во кои поради природата на конфликтот и противникот, највероjатно ќе доминира специјалното војување (како што е примерот со Ирак, Авганистан, Украина и Сирија). Специјалното војување не само што не ја исклучува конвенционалната моќ, туку секогаш е здружен напор на конвенционалните и специјалните сили. Меѓутоа, потребно е надминување на јазот меѓу доктринарната култура на двете и прифаќање на фактот дека во доменот на специјалното војување, конвенционалната војска е таа што мора да се приспособи на противникот. Во неправилното војување, противникот својата физичка слабост ја претвора во предност. Затоа и постојат бројни примери на успешни герилски движења кои победиле моќни војски. Ова е културолошкиот момент кој конвенционалните планери мора да го прифатат - дека не е доволна само физичка сила и огнена моќ за да се постигне победа против противник кој не ги следи конвенционалните правила на игра.
Искуствата од досегашните специјални операции треба да се искористат за воениот и политичкото лидерство да ги увидат предностите кои тие ги нудат. Само со јасни политики и насоки за интеграција на доктрината на специјално војување во постоечката оперативна вештина може да се извлече максимум од специјалните сили. НАТО ова го има препознаено уште во 2010

година, кога е формирана Командата за специјални операции на НАТО. Војната против тероризмот покажа дека реактивната употреба на специјалните сили не е доволна за да се постигнат стратегиските цели. Евидентно е дека специјалните операции треба да се вклучат во планирачкиот процес на оперативно ниво. Обично, целите се задаваат од конвенционалните воени планери кои може, но не мора да имаат соодветни познавања од специјалното војување. Со предложениот концепт за развивање на оперативна вештина во доменот на специјалните сили, планерите за специјално војување присутни на оперативно ниво би имале уникатен придонес за постигнување на стратегиската цел, пред сè, затоа што го перципираат противникот со други очи. Специјалните оператори гледаат на противникот како на нешто што постојано се менува и се приспособува, за разлика од конвенционалниот ментален склоп кој тежнее да го наметне сопствениот начин на борба и бој. Главната проблеми во Авганистан, кој им остави на домаќините впечаток дека Западот нема конзистентна стратегија како да ја стабилизира земјата.
Досега на специјалните операции се гледаше како на една од линиите на операции со цел обликување на противникот и оперативното опкружување. Меѓутоа, проактивниот пристап предлага дека, специјалните операции, доколку се инструментализираат како кампањи, директно може да придонесат за остварување на стратегиските цели како главен напор на здружените сили. Аргументот на конвенционалната доктрина досега беше дека за специјалните сили тоа да го постигнат потребно е многу време, но после 18 години војна во Авганистан, времето и не е клучно туку луѓето и средствата потрошени за да се оствари победа. Специјалното војување во иднина ќе стане уште порелевантно, бидејќи глобалното безбедносно опкружување стана толку поврзано што државите и воените сојузи ќе избегнуваат кампањи од голем размер. Методите го ставаат тежиштето на борбата против центарот на гравитација, бидејќи неговото уништување значи победа. Специјалните сили не може директно да го нападнат центарот на гравитација и користат индиректен пристап преку пријателски или домородни сили. Оттука, специјалната кампања ќе биде низа на операции кои треба да ги доведат пријателските сили во состојба да го уништат противничкиот центар на гравитација. За развивање на сопствена оперативна вештина, специјалните сили, исто така, треба да го сменат менталниот склоп. Тие се навикнати да дејствуваат во својот домен со претпоставка дека некој друг ќе се справи со следната фаза по нивното дејствување (конвенционална сила). Ако се прифати специјалното војување да биде главен напор, планерите на специјални операции на оперативно ниво треба да прифатат дека ќе треба да останат во игра многу подолго време. Ставот „удри и бегај и остави конвенционалните сили да се грижат понатаму“ било предмет на конфликт меѓу двете

Хибридните закани наметнаа потреба западните армии да развиваат посебна оперативна вештина во доменот на специјалното војување. Ова подразбира водење на кампањи во кои специјалните сили ќе бидат примарната алатка за остварување на стратегиските цели. За ова да се направи, потребно е поседување на посебни когнитивни капацитети кои ќе го препознаат значењето и улогата на специјалните сили во идните конфликти



разлика меѓу конвенционалната и специјалната кампања, ако се земе примерот од војната во Авганистан, е тоа што конвенционалната доктрина започнува да работи од горе надоле, додека специјалните сили работат од доле нагоре. Првата започнува од владата, потоа вооружените сили и полицијата, преку локалните власти, сè до населението, додека вторите почнуваат од племето, населението, преку локалната власт и нагоре до вооружените и полициски сили. Оваа дигресија во пристапот создаде многу на специјалното војување ќе се користат за обликување на состојбите и условите во критични држави и региони. Ова е далеку поевтино отколку распоредување на големи сили, но и политичкиот ризик е помал бидејќи употребата на специјални сили секогаш овозможува индиректен пристап. Суштината на оперативната вештина е да се идентификува противничкиот центар на гравитација, она што му дава сила и без кое тој не може да се бори. Конвенционалните сили секогаш култури во сите војски. Современите војни траат долго и нема повеќе брза победа со ликвидација на клучен лидер. Очекувањата, дека со брзи и одлучни специјални операции војната едноставно ќе заврши, треба полека да се намалат, за разочарувањето да не биде големо. Оперативната вештината на специјалните сили ќе значи преку рационална употреба да се избегне вклучување на големи конвенционални сили кои секогаш носат ризик од ескалација.

Ѓорѓи Вељовски




# Мисија на Обединетите нации во Палестина (United Nations Truce Supervision Organization UNTSO)

Мировните мисии на ОН претставуваат централен елемент на меѓународната реакција на конфликтните ситуации во државите и помеѓу државите. Мировните операции на ОН денес обезбедуваат основна безбедност на милиони луѓе и на кревките институции за време на конфликтите. Мировните сили на ОН се распоредуваат во погодените подрачја со војна во кои никој друг не сака или не е во можност да ги спречи конфликтите или понатамошната ескалација на истите

Првата мировна мисија на Обединетите нации е воспоставена во мај 1948 година, по завршувањето на британскиот мандат во Палестина. Заради комплексноста на овој регионален конфликт, мисијата е активна и денес, и се смета како една од најтешките мировни мисии на Обединетите нации.

## Корените на конфликтот во Палестина

На почетокот на 1800-тите години, на територијата на Палестина живееле помалку од 25.000 Евреи. После распадот на Отоманското Царство, Британија во 1917 година ја зазела, а во 1923 година го добила мандатот од Лигата на народите за управување со Палестина. Палестина во тоа време била подрачје со мнозинско арапско население. Според пописот од 1922 година, во Палестина живееле 752.048 жители, од кои 78% муслимани, 11% Евреи и 9,5% христијани но, сепак, Велика Британија им ветувала на Евреите еврејска држава на територијата на Палестина. Во наредните години во Палестина се населувале сè поголем број на Евреи кои бегале од Европа, така што во периодот од 1920 – 1945 година на територијата на Палестина имигрирале околу 368.000 Евреи. Заради тоа, односно заради зголемувањето на бројот на Евреите дошло до напнатост помеѓу двете заедници и до немири од страна на Арапите, немири кои во неколку наврати експлодирале во вооружени конфликти. Во 1929 година во Хеброн биле убиени 67 Евреи, додека преживеаните биле евакуирани од Британците. Настаните кои следеле по арапската побуна, а посебно по британската репресија против Арапите, имале големо влијание на палестинското национално водство, на општествената кохезија и на воената способност.

Во 1939 година Британците донеле закон со кој се ограничува еврејската имиграција, што придонело за побуна на Евреите кон Британците.

После Втората светска војна, Велика Британија одбила да го носи товарот на својот ангажман во Палестина, односно во февруари 1947 година се откажала од својот мандат и го ставила на располагање на ОН.

Во мај 1947 година, на посебно заседание во ОН формиран е Посебен одбор за Палестина (UNSCOP), чии 11 членови се упатени во таа земја со задача на лице место да ги проучат причините и да предложат можно решение за арапско-еврејскиот конфликт. Сите членови на одборот се сложиле со престанок на британскиот

мандат. Додека седум членови дале глас за Планот за поделба на Палестина на две држави, план заговаран од еврејската заедница, тројца биле за федерализација на Палестина, односно ниеден член не се изјаснил за предлогот на арапските претставници. Во ноември 1947 година, Главното собрание на ОН ја изгласало Резолуцијата 181 со која е препорачано завршување на британскиот мандат во Палестина, односно подрачјето да се подели на еврејска и на арапска држава. Иако Евреите во тоа време биле само 33% од жителите на Палестина и поседувале нешто повеќе од 6% од земјиштето, Планот на ОН им доделил 55 проценти од територијата, кај еврејската заедница, ама и ерупција на незадоволство меѓу Арапите. Речиси моментално дошло до избувнување на вооружен конфликт помеѓу двете заедници, посебно во издвоените рурални подрачја, во кои до крајот на британскиот мандат погинале околу 2000 луѓе.

## План на ОН за поделба на Палестина

Мандатот на Велика Британија во Палестина престанал на 14 мај 1948 година и истиот ден еврејскиот народ на подрачјето кое му било доделено од ОН ја прогласило Израелската држава. Настојувајќи да ја спречат поделбата на Палестина на 15 мај, само еден ден

Во однос на традиционалните мисии од периодот на Студената војна, денешните мисии на ОН не се ангажираат исклучиво во меѓудржавните судири, туку почнаа концептот за самоодбрана да го сфаќаат во многу поширок контекст. Покрај тоа, добиваат и значителна цивилна димензија. Меѓународниот карактер на Советот за безбедност кој ги одобрува мировните мисии, на таквите мисии им дава полна легитимност. Во наредните неколку броеви на магазинот ќе се обидам да претставам неколку мисии на ОН формирани во минатото, а кои и денес се активни



вклучувајќи ги и најплодните делови. На еврејската територија според планот требало да останат 45% Арапи. И двата дела требало да бидат обединети со сопственичка унија, а планот предвидувал и посебен статус на Ерусалим, како подрачје под директна управа на ОН. Одлуката е донесена со уверливо мнозинство на гласови на Главното собрание, со истовремена поддршка од САД и од Советскиот Сојуз. При гласањето Велика Британија останала воздржана, а „против“ гласале сите арапски членки во ОН. Објавувањето на Планот за поделба на Палестина предизвикало одушевување

по прогласувањето на израелската државност, започнал нападот на арапските земји врз Израел. Во тој напад учествувале 6 арапски државичленки на Арапската лига: Египет, Сирија, Јордан, Ирак, Либан и мал воен контингент од Јемен. На северот на Израел влегле сириските и либанските сили, а Јорданската арапска легија, засилена со помал ирачки контингент, нападнале во правецот кон Еерусалим. На арапските сили треба да им се припишат и активните палестински борци со кои командувал клерикот Al - Susayn. Но, арапските армии делувале без јасно дефинирани цели и меѓусебна координација, што во подоцнежниот тек на војната се покажало како кобно за нив.

После двенеделни борби јорданската војска го зазела стариот дел на Ерусалим, така што израелските сили, заедно со стотина илјади еврејски цивили останале отсечени во новиот дел на градот. На северот од Палестина сириските сили го освоиле градот Mishmar Hayarden, додека на југот, египетската армија ја запоседнала Газа, пустината Негев и градот Beersheby. Неколку дена подоцна, јужно од Тел Авив, египетските сили се споиле со јорданските, со што арапските освојувања во војната во 1948 година го достигнале својот максимум. Израел во тој момент се наоѓал во незавидно тешка положба, при што бил доведен во прашање физичкиот опстанок на Евреите во Палестина

Обединетите нации на 20 мај 1948 година, шведскиот дипломат грофот Bernadottea, го именувале како меѓународен посредник во Израелско-арапската војна. На почетокот на Втората светска војна грофот Bernadottea се ангажирал во Црвениот крст. Во текот на војната успеал да договори ослободување на околу 31.000 затвореници од германските концентрациони логори, а спасил и околу 450 дански Евреи, со што се стекнал со висок углед, па затоа во Советот за безбедност едногласно бил избран за медијатор во Израелско-арапската војна.

Советот за безбедност на ОН, на 29 мај ја донел Резолуцијата 50 со која повикал на прекин на непријателствата и го овластил меѓународниот посредник да го надгледува потпишаното, осигурувајќи му претходно група воени набљудувачи. Таа група го претставува јадрото, од која понатаму се развила мисијата „United Nations Truce Supervision Organization“ (UNTSO), иако во самата резолуција не се споменува името на мисијата.

## Иницијативата на грофот Bernadottea

Во Втората светска војна грофот Bernadottea успеал да спаси голем број Евреи од германските логори. Иронијата на судбината е во тоа што грофот го убиле токму еврејски терористи – припадниците на терористичката организација „Лехи“, која се борела за самостојна еврејска држава. Грофот бил застрелан во Ерусалим од голема близина кога е нападнат неговиот автомобил.

На иницијатива на ОН, борбите помеѓу Израел и Арапската лига се прекинати на 11 јуни 1948 година. Истиот ден, првата група на воени набљудувачи преку Каиро пристигнала

Израелскиот лидер David Ben Gurion го консолидирал военото раководство, односно сите вооружени сили на Израел ги ставил под една команда. Ben Gurion кон крајот на мај го прогласил создавањето на израелските одбранбени сили, со што сите други вооружени формации на територијата на Израел ги ставил надвор од законот. Кон крајот на јуни 1948 година од Палестина се повлекуваат и последните британски војници



во Палестина. На почетокот, Главниот штаб на UNTSO се наоѓал во Каиро, за потоа, при крајот на јуни, да биде преместен во Haifa во Израел, од каде што во средината на јули, заради обновување на борбите, е евакуиран и преместен. Во октомври, главниот штаб на мисијата е поставен во Ерусалим, каде останува подолго време.
Bernadottea на 28 јуни го поднел првиот формален предлог за решавање на судирот кој се состоел во идејата Палестина и Јордан (тогашна Трансјорданија) да бидат уредени како унија, со арапска и еврејска целина. Бидејќи обете страни го одбиваат предлогот, грофот Bernadottea ја напушта идејата за создавање на унијата и предложил две независни држави, но притоа како спор се појавува големината на териториите кои би требало да им припаднат. Bernadottea предлагал посебен статус за Ерусалим, намалување на подрачјата кои со планот требало да им припаднат на Евреите, односно доделување на Galilea на Евреите, а пустината Негев на Арапите. Израелската влада имала негативен став кон Bernadottea, одејќи толку далеку што го оптужила и за пристрасност во преговорите.
Во меѓувреме, Израел го искористил прекинот на воените дејствија за доопремување со оружје, реорганизирање и прегрупирање на своите воени сили, така што бројот на луѓе под оружје на израелската страна во тоа време се зголемува на 60.000. Израелскиот лидер David Ben Gurion го консолидирал военото раководство, односно сите вооружени сили на Израел ги ставил под една команда. Ben Gurion, кон крајот на мај го прогласил создавањето на израелските одбранбени сили, со што сите други вооружени формации на територијата на Израел ги ставил надвор од законот. Кон крајот на јуни 1948 година, од Палестина се повлекуваат и последните британски војници.
David Ben Gurion бил израелски државник и прв министер за одбрана. Својот живот го посветил на создавањето на израелската држава во Палестина, заради што покасно ја добива титулата „Татко на татковината“.
После само четири недели прекин на воените дејства, борбите се обновуваат на 9 јули, заради што од воената зона се повлечени и воените набљудувачи на UNTSO. Израел со низа ограничени воени операции, не само што успеал постепено да си ги поврати под своја контрола теритериите изгубени во изминатите месеци, туку успеал своите територии да ги прошири и надвор од подрачјата кои му биле предвидени со Планот на ОН. Под притисок на ОН, Советот за безбедност со Резолуцијата 54 од 15 јули наредил втор прекин на непријателствата. Мировната мисија на 21 јули се враќа во Палестина. Нив ги сочинувале воени набљудувачи од 41 Американец и 25 Белгијци, но подоцна, заради големото подрачје што требало да го покриваат, бројот на набљудувачи бил зголемен на 93.
Со растот на бројот на набљудувачи и важноста на мисијата, ОН на мировната мисија ѝ даваат политички облик и ја нарекуваат Организација на ОН за надзор на прекинот на огнот (United Nations Truce Supervision Organization - UNTSO), мисија која за разлика од другите мировни мисии, во називот не ја содржи земјата во која е основана. Набљудувачите биле распоредени покрај арапските и израелските воени единици, потоа во градот Ерусалим, крајбрежните области на Палестина и на пристаништата. Меѓутоа, тежок удар за мировната мисија на ОН и мирното разрешување на палестинскиот спор е убиството на Bernadottea на 17 септември, кое го извршил еврејски екстремист.

*(продолжува во наредниот број)*

м-р Симеон Митрев







# Спортски натпревари, прослава и дружење





Во пресрет на одбележувањето на 18 Август, Денот на Армијата, на Воениот стадион во Градскиот парк, со постројување на екипите од командите и единиците на Армијата од гарнизоните низ Републиката, свечено беа отворени финалните спортски натпревари.
Учесниците се натпреваруваа во крос-трчање, мал фудбал, кошарка, одбојка, шах и пинг-понг, а победниците во истите дисциплини беа прогласени на свеченоста организирана по повод Денот на Армијата.
Како дел од активностите кои традиционално се реализираат во пресрет на одбележување на 18 Август – Денот на Армијата, началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, оствари средба



со поранешните началници на Генералштабот и пензионираните генерали во Армијата.
На средбата, на која присуствуваа и заменикот на НГШ, генерал-мајор Азим Нуредин и директорот на Генералштабот, генерал-мајор Зоран Милески, пензионираните генерали се запознаа со актуелните активности во Армијата и со активностите поврзани со процесот на трансформација.
Пензионираните генерали на Армијата на оваа средба имаа можност да ги изнесат нивните ставови, предлози и сугестии во контекст на претстојните активности во Армијата.







# АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА



# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Шведско борбено возило на пешадијата „CV9040“

Борбеното возило на пешадијата „CV9040“ е проектирано да поседува намален радарски, акустичен и ИЦ-одраз, посебно приспособено за дејство во ладни временски услови, опремено со моќно оружје и современа електронска опрема за дејство преку ден и ноќ. Оклопното тело и борбената купола на „CV9040“ се изработени од меѓусебно заварени челични плочи, а внатрешноста им е обложена со кевлар. Предниот дел од оклопот може да издржи дејство од проектил со калибар од 30 mm, додека другите страни на оклопот овозможуваат заштита од панцирно/пробојни проектили со калибар од 14,5 mm и шрапнели од артилериски гранати. Но, и покрај оваа заштита на CV9040 можат да се постават дополнителни заштитни плочи од керамика и композити, а за заштита од рачни лансери на гранати со кумулативна боева глава, може да се постави дополнителен ,,кафез-оклоп”. Во предниот десен дел од возилото е вграден погонот и трансмисијата, а од левата страна е позицијата на возачот. Во средниот дел е поставена борбената купола во која се сместени командирот и нишанџијата, а во задниот дел е просторот за сместување на 8 членото десантно борбено одделение. За влез/излез на задниот дел од возилото е поставена една врата со вграден еден визир со пушкарник, а се отвара на десната страна. На кровот од транспортниот оддел се вградени два големи правоаголни отвори. За потребите на возачот над неговата позиција е вграден поклопец на кој се поставени 3 визири, кои даваат видно поле од 158º. На борбената купола на кровот околу позицијата од командирот се вградени 7 набљудувачки визири модел M17, кои покриваат зона од 360º, додека за потребите на нишанџијата покрај предниот нишан, бочно десно се вградени уште 3 визири модел M17. За нишанење на куполата е вграден нишанскиот систем UTAAS (Universal Tank and Anti-Aircrfat System/ универзален тенковски и противавионски систем), кој поседува дневна камера, ноќна термална камера и ласерски далечиномер, а е поврзан со компјутерскиот систем за контрола на огнот. Инаку позициите на нишанџијата и командирот се опремени со дисплеј за гледање од нишанскиот систем UTAAS. Како погон во возилото е вграден турбодизел-моторот Scania DSI 14, со моќност од 550 ks, во комбинација со автоматската трансмисија Perkins X-300-5N, која поседува 4 брзини за движење напред и 2 брзини за движење назад. Возилото поседува по 7 потпорни тркала од секоја страна, погонските тркала му се напред, а мрзливците одзади. За амортизација возилото поседува торзиони оски, плус на 1., 2. , 6. и 7. потпорно тркало поставени се хидраулични амортизери. Гасениците му се челични, опремени со гумени папучи, од моделот Diehl Remscheid GMBH FMC T1571, со ширquímна од 533 mm. Затегнувањето на гасениците се остварува преку автоматски систем од страна на возачот. Од оружје возилото е опремено со двочлената борбена купола G40 HVT, во која е вграден стабилизиран автоматски топ „Bofors 40mm L/70B“, со теоретска брзина на стрелба од 300 гранати во минута. Топот поседува елевација од -8º до +35º, а со движење на куполата, азимут од 360º. Ефикасно дејство на топот по копнени цели изнесува 2.000 m, додека при дејство на воздушни цели му изнесува 4.000 m. За потребите на топот во возилото се сместени 240 гранати. Како помошно оружје е вграден коаксијалниот митралез „Ksp m/39“, со калибар 7,62 mm (7,62x51 mm), за кого се обезбедени 5.000 куршуми. На бочните страни од куполата се вградени по три лансери на димни и фрегментациони гранати, со калибар од 76 mm. Првите верзии на задниот горен дел од куполата се опремени и со 2 минофрлачи на осветлувачки мини „Lyran“, со калибар од 71 mm. Од опрема возилото поседува систем за филтрација од АБХО дејства во комбинација со сензорски систем за детекција на агенсите и детектор за регистрирање на радијација, VHF радио Ericsson RA-180, интерком TLS90/ Telehjälm 9A, противпожарен систем, навигациски систем KAH Industries NAV90,  GPS навигација од Rockwell Collins LTD, систем за греење и ладење на посадата и друго. Врз основата на CV90 се развиени неколку различни верзии и тоа: набљудувачко/извидувачка верзија CV90 FOV, командна верзија CV90 FCV, ПВО верзија CV9040 AVV, инжињериско возило за извлекување CV90 ARV, лесен тенк CV90120, самооден минофрлачки систем CV90 AMOS 120, борбени возила на пешадијата CV9040, CV9030, CV9035 и други. Од верзијата CV9040 се развиени подверзиите CV9040A, CV9040B, CV9040B1 и CV9040C. Од произведените 1.200 возила CV90, корисници на различните верзии се армиите на: Шведска, Норвешка, Финска. Холандија, Данска, Естонија и Швајцарија.

Ивица Дамески




**Објаснување на пресек-сликата**
**Пресек на „CV9040“**

1. Светла и светлосна сигнализација
2. Автоматски топ „Bofors 40mm L/70“
3. Лансер на димни и фрегментациони гранати со калибар од 76 mm
4. Нишански систем UTAAS
5. Поклопец на отворот од нишанџијата
6. Поклопец на отворот од командирот на возилото
7. Визири на отворот од командирот
8. Антена
9. Отвор на кровот од десантното одделение (вкупно 2 отвори)




10. Седишта за десантното одделение
11. Хидрауличен механизам за затегнување на гасениците
12. Мрзливец
13. Лансер на димни и фрегментациони гранати со калибар од 76 mm
14. Седиште на командирот
15. Торзиони осовини
16. Потпорно тркало
17. Коаксијален митралез „Ksp m/39“ со калибар 7,62 mm
18. Поклопец со визири за возачот
19. Седиште на возачот
20. Погонско тркало
21. Гасеници со гумени папучи
22. Турбодизел-мотор „Scania DSI 14“

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „CV9040“ | |
|---|---|
| ЕКИПАЖ | 3 члена + 8 десантни војници |
| ДОЛЖИНА | 6.47 m |
| ШИРОЧИНА | 3.19 m |
| ВИСОЧИНА | 2.5 m (до кров на купола) |
| МАКСИМАЛНА ВИСОЧИНА | 2.71 m |
| КЛИРЕНС | 0.45 m |
| ТЕЖИНА | 22.800 kg |
| ПОГОН | Турбодизел-мотор „Scania DSI 14“ |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 70 km/h |
| БРЗИНА НА ЗЕМЈЕН ТЕРЕН | 45 km/h |
| ВЕРТИКАЛНА ПРЕПРЕКА | 1 m |
| ВОДЕНА ПРЕПРЕКА | 1.4 m |
| ПРЕМИН ПРЕКУ РОВ | 2.4 m |
| ПРЕДЕН НАКЛОН | 60% |
| БОЧЕН НАКЛОН | 40% |
| КАПАЦИТЕТ НА РЕЗЕРВОАРОТ ЗА ГОРИВО | 550 литри |
| ОПЕРАТИВЕН РАДИУС НА ДВИЖЕЊЕ | 320 km |



# Авион „ILYUSHIN 76“

Во 2006 година руската влада ги споила „Ilyushin“ со „Mikoyan“, „Irkut“, „Sukhoi“, „Tupolev“ и „Yakovlev“ под нова моќна компанија наречена „Обединета авионска корпорација“. Главните мисии кои ги извршува авионот „Ilyushin“ се: воздушен десант (исфрлање на падобранци), транспорт на војници и борбен материјал со екипажи и вооружување, вклучувајќи ги и тенковите од средна големина, а воедно зема учество и во операциите за помош при катастрофи. Наменет е да ги извршува воздушните мисии во дневни и во ноќни услови, во согласност со VFR и IFR правилата (правила за визуелен лет и правила за летање по инструменти), во сите временски услови, како и под непријателски услови со воздушна одбрана.

Поседува богата опрема, иако станува збор за воздухоплов од претходните генерации. Опремен е со: Integrated Flight Control, Navigation System, Ground Surveillance Radar, Central Digital Computer, Automatic Monitoring System, Automatic Flight Control System, Short-Range Radio Navigation and Landing System, IFF Transponder како и Ground Collision Warning System. Горивото е распоредено

Познатата компанија која го произведува овој главно транспортен авион „Ilyushin Aviation Complex“ е со седиште во Москва, а компанијата е позната и како „Ilyushin Design Bureau“. Таа е поранешен советски, сега руски производител на авиони (воедно и биро за дизајн), основана во далечната 1933 година од страна на Sergey Vladimirovich Ilyushin, а по наредба на народниот комесар за тешка индустрија и началникот на главниот оддел за воздухопловна индустрија



во 12 интегрални резервоари, кои се изолирани едни од други. Сите резервоари за гориво се поделени во групи според бројот на моторите. За заштита од експлозија се користи системот за инертен гас.

## Варијанти на авионот

Постојат неколку варијанти на авионот, вклучувајќи ги и основните: IL-76, IL-76M, IL-76MD и IL-76-MF. Последната варијанта се карактеризира со зголемен долет од 4 800 километри до 5 800 километри, со намалена потрошувачка на гориво за 2.5 тони по час летање. Во однос на дизајнот, аеродинамичната конфигурација и карактеристиките на летање, верзијата „ИЛ-76М" има максимална носивост од 47 тони, во споредба со 28 тони за „ИЛ-76".

Воздухопловот „Ил-76" е мултифункционален стратешки авион кој е влезен како комерцијален товарен воздухоплов во 1967 година како замена за „Антонов Ан-12". Тој е дизајниран да достави масивен товар, тешки предмети што не можат да бидат пренесени на друг начин, до далечните и слабо покриени области со дистрибутивна мрежа. Воените верзии на „Ил-76" се широко користени во Европа, во Азија и во Африка, вклучително и како воздушен танкер (модифициран во резервоар за полнење гориво во воздух) со произведени околу 50 вакви авиони. Специјализирани модели се произведени како: команден центар, за воздушна противпожарна заштита, за летови за поддршка на Антарктикот, за спроведување на симулирана обука за космонаути во бестежинска средина, како и летачки радари од овој тип. Исто така, се користи за итен одговор при цивилни евакуации, како и за хуманитарна помош и останати катастрофи во целиот свет. Биле развиени воздушни лаборатории за летање, но голем дел од деталите на овој проект останале класифицирани. Поради неговата способност да работи од неактивни писти, особено е корисен во неразвиените области. Една од првите варијанти „Ил-76ТД" се произведени во Ташкент, Узбекистан, како тогашна република во Советскиот Сојуз. Биле изработени околу 860 примероци од основните транспортни варијанти. Во 90-тите години на минатиот век биле развиени и други модернизирани варијанти.

Првите авиони од производството биле испорачани за советските воздухопловни сили во текот на јуни 1974 година. Авионот станал главен советски стратегиски транспортен воздухоплов, со произведени околу 500 примероци од 1974 година. Во текот на војната со Авганистан, советските воздухопловни сили направиле 14.700 летови, превезувајќи 786.200 војници и 315.800 тони товар. Авионот во тоа време покрил 89% од транспортот за советските војници и 74% од тежината на товарот што бил доставен по воздушен пат. Авганистанските бунтовници не биле во можност да го соборат „Ил-76" кој летал високо, па така нивните тактики биле насочени да го оштетат при полетување или слетување. Врз основа на позитивното искуство, поголемиот дел од опремата за канадските сили во Авганистан е пренесена со употреба на цивилни „Ил-76".

Во 2004 година, воздухопловните сили на Народноослободителната војска на Кина извршиле повеќе мисии во Авганистан. Поради безбедноста на летовите и воздухопловот, во текот на 2011 година биле испратени во Либија за евакуација на кинеските граѓани. Сириските воздушни сили, исто така го користеле „Ил-76", и тоа наводно за испорака на оружје, на пари и друг товар од Русија и од Иран до Сирија. Од почетокот на војната, за една година биле спроведени околу 20 воени летови преку ирачкиот воздушен простор. Понатамошни информации откриваат дека во текот на 2012 година, сириските „Ил-76" редовно летале до Москва за да ги пренесат пратките на сириските банкноти што им биле корисни на владата на Башар ал Асад за да ги преживеат санкциите од Запад. Во 2010 година е објавено дека ќе започне производството на модернизираниот „Ил-76" со ознака Ил-76МД-90А (исто така познат како проект „Ил-476" во време на фазата на проектирање). На 29 април 2015 година е објавено дека руските воздухопловни сили го добиле првиот воздухоплов, во согласност со договорот од 2012 година за испорака на вкупно 39 авиони. Руското Министерство за одбрана полното сериско производство го започнало во 2019 година со модернизирани мотори и авионика.

Првата поголема несреќа на овој тип авиони се случила на 23 март 2007 година, кога „Ил-76" е соборен со ракетен систем додека полетувал од Могадишу, Сомалија. Притоа се убиени седум членови на екипажот и четворица патници. Уште поголема катастрофа се случила на 14 јуни 2014 година кога „Ил-76", кој бил опериран од украинските воздухопловни сили, бил соборен од оган од проруските војници во моментот на слетување во Луганск, што резултирало со смрт на 40 војници и девет членови на екипажот.

Драган Павловски



| ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ | |
|---|---|
| ПОСАДА | 6-7 членови |
| ДОЛЖИНА | 46.6 м |
| ВИСОЧИНА | 14.42 м |
| РАСПОН НА КРИЛА | 50.5 м |
| МАКСИМАЛНА ТЕЖИНА НА ПОЛЕТУВАЊЕ | 170.000 до 190.000 кг |




# „BUSHMASTER“

## Заштитено мобилно возило на австралиската армија

Бушмастерот“ е базиран на дизајнот на ирската компанија „Timoney Technology Ltd“ под договор за лиценца со „Perry Engineering“ од Аделаида. Таа лиценца е продадена со одобрение на компанијата „Timoney“ во согласност со условите за лиценца на компанијата „Thales“ од Австралија. Името го има добиено според смртоносната змија „јамица“. Откако „Бушмастер“ беше избран од страна на австралиската армија по тестирањата во 1998 година за да ги исполни барањата на проектот „Бушрангер“, опсегот на варијанти дополнително беше развиен понатаму од страна на „Thales Australia“ во Бендиго. Бушмастерот моментално го произведува „Thales Australia“ и „Oshkosh Truck“, кој има договор да обезбеди поддршка за производство на ова возило доколку има побарување и нарачка од страна на армијата на САД. Бушмастерот моментално е во употреба во австралиската армија, во Кралските австралиски воздухопловни сили, Кралската холандска армија, во британската армија и во одбранбените сили на Јамајка.

Улогата на „Бушмастерот“ е да обезбеди заштитен транспорт (или способност за заштитено „подигање“ на трупите), притоа со симнување на пешадијата





од возилото пред извршување на некоја операција (dismounted). Бидејќи возилото „Бушмастер“ е лесно оклопно, терминот пешадиско мобилно возило (Infantry Mobility Vehicle - IMV) беше усвоено за да се разликува од потешките оклопни транспортери на тркала или на гасеници, како што се „ASLAV“ и „M113“, кои се во употреба, исто така, во австралиската армија. Подоцна ознаката на „Бушмастер“ е променета во „Заштитено мобилно возило“ (Protected Mobility Vehicle - PMV).

## Развој

Прегледот на структурата на одбранбените сили од 1991 година ја утврди потребата на австралиската армија од мобилно возило на пешадијата (IMV). „Белата книга“ од 1994 година наведе дека ќе се набават нови возила на копнените сили. Проектот „Bushranger (Land 116)“ беше создаден за набавка на заштитени и незаштитени возила. Возило за импровизирана мобилност на пешадијата (Infantry Improvised Mobility Vehicle - IIMV), флотата на неоклопени (незаштитени) возила „Land Rover Perentie“ беа купени во ноември 1994 да ја пополнат улогата на (IMV), сè додека не влезат во служба новите возила. Во февруари 1994 година беше објавена нацрт-спецификацијата за IMV, а во јули следеше покана за регистрирање на интерес со 17 примени предлози, вклучувајќи ги и австралиската компанија „Perry Engineering“ со „Bushmaster“ и австралискиот специјализиран систем за возила со „Taipan“, дериват од Јужноафриканската „Mamba“. Во септември 1995 година поднесено е барање за побарување тендери до 5 предлози кои влегле во потесен круг, а во јануари 1996 година поради повлекување „Bushmaster“ и „Taipan“ останаа единствени понудувачи. Во почетокот на 1996 година „Perry Engineering“ произведе прототип на „Bushmaster“ врз основа на ирскиот дизајниран „Timoney Technologies MP44“, вклучувајќи независна суспензија на „Rockwell/Timoney“, како и со компоненти на компанијата од САД „Stewart&Stevenson“ од семејството на средни тактички возила (FMTV). Над 65 % од компонентите на „Stewart&Stevenson“ беа од (FMTV), вклучувајќи ги и моторот, преносот, управувањето, инструменти, електрични и пневматски системи. Прототипот е изграден за помалку од 7 месеци. Во септември 1996 година, австралиската државна компанија „Australian Defence Industries – ADI“ ги купи правата за интелектуална сопственост од „Boral Johns Perry Group“, која ја поседува „Perry Engineering“ со согласност од „Timoney Technologies“ и „Stewart & Stevenson“. Во ноември 1997 година ADI го започна својот повторно дизајниран предлог на „Бушмастер“, менувајќи го обликот и дизајнот на трупот да издржат поголема сила и придружни надворешни и внатрешни карактеристики. Во март 1997 година 3 возила IMV на „ Bushmaster“ и 3 возила IMV на „Taipain“ изградени во Јужна Африка започнаа 44-неделно натпреварувачко оценување. Ниту едно возило во потполност не ги исполни побаруваните спецификации, а извршено со различен успех во текот на оценувањето. На 10 март 1999 година на ADI му беше доделен договорот „Bushranger“ за производство на „Бушмастер“ кој ќе се произведува во неговите фабрики во Бендиго. Во ноември 1999 година ADI е приватизиран и стана 50% сопственост на француската компанија „Thales“ и 50% сопственост на австралиската компанија „Transfield“. Во 2006 година ADI беше преименуван во „Thales Australia“, а после тоа „Thales“ го откупи „Transfield“. Во октомври 2016 година беше објавено дека Австралија и Индонезија заеднички ќе развијат возило засновано на „Бушмастерот“, наменето за индонезиската војска.

> „Бушмастер“, заштитеното мобилно возило или пешадиско мобилно возило, е оклопно возило на тркала 4x4 произведено во Австралија. Името го има добиено според смртоносната змија-јамичарка од Австралија



## Дизајн

„Бушмастер“ е оптимизиран за операции во Северна Австралија. Способен е да носи 9 војници, заедно со нивната опрема, гориво и намирници за 3 дена, во зависност од видот на варијантата. Варијантата која ја користат Кралските австралиски воздухопловни сили може да носат 10 војници. Тие може да влезат и да излезат од возилото

преку големата врата во задниот дел, како и преку отворите на кровот. Возилото е опремено со клима-уред, планирано било и да се вгради систем за ладење на водата за пиење, но поради ограничувања на трошоците системот не е инсталиран. После оперативните жалби системот се преиспитува за инсталација. Максималната брзина на движење на патот е 120 км/ч, додека оперативниот опсег е 800 км. „Бушмастерот“ е возило заштитено од мини и обезбедува висок степен на заштита од мини, користејќи го притоа монокок-оклопот на телото во V-форма за дефлексија на бластот, така што се намалува ефектот од експлозијата, како на возилото така и на патниците во него. Оклопот на возилото обезбедува заштита против малокалибарска муниција до 7,62 мм, шрапнели од минофрлач 81 мм, противпешадиски мини (Claymore mines) и со дополнителен оклоп обезбедува заштита од оклопно-пробивна муниција до калибар 7,62 мм. Резервоарите за гориво и хидраулика се наоѓаат надвор од одделот за екипажот за да се минимизира ризикот од пожар. Исто така има и систем за автоматско гасење на пожар. Варијантата „Бушмастер“ за транспорт на трупи е опремена со еден „прстен за оружје“. На предниот прстен за оружје може да се постави митралез 5,56 или 7,62 мм. Двата задни



„Бушмастерот“ е возило заштитено од мини и обезбедува висок степен на заштита од мини, користејќи го притоа монокок оклопот на телото во V-форма за дефлексија на бластот, со што се намалува ефектот од експлозијата, како на возилото така и на патниците во него

поклопци имаат монтиран шеф кој овозможува монтирање на носач и на кој може да се постави митралез 7,62 мм. Беа нарачани далечинско управувани вооружени станици за надоградба на некои од веќе постоечките австралиски возила. Може да се монтира митралез 12,7 мм или автоматски фрлач на гранати 40 мм. Севкупниот дизајн на „Бушмастерот“ овозможува да се приспособи монтирање на мал топ на куполата. Балистички заштитените прозорци опционално може да бидат опремени со отвори за пукање. Сечила за жица се поставени на кровот од двете страни на возилото за да се заштититат војниците кои се изложени над кровната линија. Резервоар за вода од 270 литри е поставен под подот во одделот за екипажот, што придонесува за безбедноста на екипажот во случај на експлозија на нагазна мина. Оклопно-заштитените седишта обезбедуваат дополнителна заштита од повреда на ‘рбетниот столб. „Бушмастерот“ носи едно комплетно резервно тркало. Сите вградени гуми имаат „run flat tyre“, како и централен систем за надувување на гумите, што им овозможува да продолжат со движење, иако гумите се издишани. „Бушмастерот“ може да се транспортира по воздушен пат со „C-130 Hercules“, „C-17 Globemaster III“ и со авион „Mil Mi-26“. Ова е првото оклопно возило што е дизајнирано и целосно произведено во Австралија од тенкот „Sentinel“, произведен за време на Првата светска војна.

Неколку варијанти на возилото Бушмастер се произведени за австралиската армија и Кралските австралиски вооружени сили. Тие се: оклопен транспортер; командно возило; специјално инженериско возило (As-





„Бушмастер" возилата имаат учествувано во голем број на операции во Ирак и во Авганистан од страна на Австралија, Холандија и Обединетото Кралство. Два прототипови во 1999 година се испратени во Источен Тимор за испитување, VIP заштита и медиа-ескорт. Најголем број на возила „Бушмастер" кои оперирале во Авганистан во исто време е 104 возила

sault Pioneer); противвоздушна одбрана; носач на минофрлач; општа варијанта за одржување (преработен „Pioneer"); амбулантни возила.
Варијантата за транспорт на трупите, која ја користат Кралските австралиски вооружени сили, првично се разликува од таа на Австралиската армија по тоа што имала 10 седишта и било монтирано трето вооружување. Меѓутоа, сега сите варијанти на ОТ се опремени со 10 седишта. Постои безуспешна варијанта со единечна кабина „Utility", возило „Бушмастер", а исто така постои и варијанта на „Utility" возило со двојна кабина. Варијантата за испитување на импровизирани експлозивни направи е купена од страна на холандската армија, со хидраулична рака, опремена со алати за испитување, светло, камера, метал-детектор и детектор за непосредна близина. Може да се вгради мински валјак за самозаштита (Self Protection Adaptive Roller Kit –SPARK, Mine Roller Mark 2 - SMR2), исто така може да се монтира и комплет за ИСТАР (ISTAR - intelligence, surveillance, target acquisition and reconnaissance).
Во јануари 2015 година е објавено дека во тек е изработка на варијанта за електронско војување со јарбол од 6 метри за да се исполнат австралиските барања според планот за способност за одбрана (Defence Capability Plan). Една индонезиска варијанта, направена од страна на „Pindad" под името „Sanca" (во индонезискиот јазик означува змија), базирана на „Бушмастерот", но креирана за да ги задоволи потребите на Индонезија, беше откриена во ноември 2016 година, откако претходно беше објавено дека „Thales" ќе работи со „Pindad". Вкупно се предвидени 50 возила „Sanca" за испорака, од кои 30 се наменети за индонезиските сили во странство, вклучени во операции за одржување на мирот и 20 наменети за „Kopassus" силите.
За време на конференцијата на меѓународни оклопни возила во Лондон 2018 година „Thales Australia" го лансираше „Bushmaster Multi Role 6-MR6" со подобрена заштита и зголемен простор за војниците.
Ова возило користи шестцилиндричен „Caterpillar 3126E ATAAC турбо-полнет мотор, кој произведува 224 kW при 2.400 вртежи во минута. Овозможува соодност на моќноста со тежината од 16 kW/t. Двоен независен систем на суспензија дизајниран од „Timoney", Ирска, обезбедува добра мобилност низ различни видови на терен. Комплетниот систем на моторот (мотор, автоматски менувач, систем за ладење) може лесно да се замени на терен без специјални алати.
Останати спецификаци на возилото „Бушмастер" се: должина: 6,6 метри; ширсочина: 2,5 метри; висина: 2,65 метри; максимум борбена тежина: 14 тони; посада: 2+7 (зависно од варијантата); вооружување: вооружена станица опремена со „Gunring" за митралез 5.56 mm или 7.62mm; мотор: Caterpillar 3126 ATAAC 300 hp; автономија на опсег: 800 km; максимална брзина на пат: 120 km/h; трансмисија: Allison MD3070PT automatic, 7 forward plus 1 reverse gear; совладување на наклон од 60%; совладување на страничен наклон 33 %; совладување на вертикална пречка: 440 мм; совладување на ров: 0,5 м; совладување на водена препрека: 1,2 м без подготовка.
Оператори на „Бушмастер" возилата се: Австралија, со порачани над 1050 возила од австралиските одбранбени сили; Фиџи купи 10 реновирани „Бушмастери" од Австралија, седум од нив за мировни операции како дел од „United Nations Disengagement Observer Force – UNDOF" на Голанската Висорамнина. На 27 март 2017 година пристигнале во Голанската Висорамнина) и три за обука на Фиџи; Индонезија 4 возила, 3 од нив за „Army Special Forces Command Kopassus"; Јамајка 12 возила за замена на „Cadillac Gage V150s"; Јапонија 8 возила; Холандија со 98 возила е втор најголем оператор на „Бушмастерот"; Нов Зеланд – 5 возила; Обединетото Кралство – 24 возила купени во 2008 година, опремени со дополнителен оклоп, електроника против IED и митралез .50 caliber монтиран на RWS.



Идриз Идризоски




# „Валтер ПП/ППК“

## „Витален“ деведесетогодишник

Тешко е да се поверува, но годинава, познатиот пиштол „Валтер ППК“ полни 90 години. Сепак, за деведесетогодишник, изгледа мошне „витално“. Без сомнение, тој е еден од првите три или четири најпрепознатливи и ценети пиштоли со двојна акција и има респектабилно рангирање во пантеонот на врвните пиштоли на сите времиња

Пиштолот ППК, секако, е еден од медиумски најексплоатираниот и познат член на семејството пиштоли „Валтер“, најверојатно најдобро познат кај поголемиот дел од луѓето, дури и кај оние кои не ги сакаат пиштолите, како доверлив придружник на врвниот шпион Џемс Бонд на авторот Јан Флеминг. Пиштолот, по личен избор или како службен, исто така, бил лично оружје на безброј цивили и припадници на војската и полицијата. Од самиот почеток, па дури и со појавата на помодерни и моќни пиштоли, овој,






навидум безвременски стандард, сè уште има многу посветени следбеници. Сепак, ППК не бил отсекогаш целосно формиран, туку еволуирал од поранешниот пиштол со двојна акција ПП (Polizeipistole). Пиштолот ПП бил понуден на пазарот од страна на ценетата германска фирма за вооружување „Карл Валтер“ во 1929 година.

Џебните пиштоли не биле ништо ново кога прв пат се појавила линијата ПП/ППК, а најзначајен бил пиштолот „М1900“ на ФН дизајниран од Џон Браунинг, потоа „Бејби Браунинг“ и М1910/22 исто така на ФН, како и М 1903/08 на „Колт.“ Тоа не значи дека другите производители не оставиле своја трага во калибрите 6,35 mm, 7,65 mm и 9 mm кои се појавиле пред, за време и по Првата светска војна. Со воведувањето на првиот „Валтер“ во калибар 6,35 mm, Моделот 1, во 1908 година и премиерата во калибар 7,65 mm во 1910 година, линијата на пиштолите „Валтер“ со единечна акција ќе продолжи и во ерата на ПП/ППК. Во тоа време, од пиштолите со двојна акција во игра биле „Нобл“ (1905), кој накратко бил и оценуван од страна на американската војска и пиштолот „М1894 Манлихер“. Овие пиштоли биле во поголеми калибри и генерално биле неуспешни, едвај напредувајќи над прототипот. Сето ова се променило во 1929 година кога Валтер го презентирал моделот ПП. Иако функционирал на ист начин како и повеќето негови претходници, тој бил со двојна акција, што му овозможувало на пиштолот да се носи со куршум во цевка, а удирачот да биде спуштен. Пиштолот „Валтер ППК“ и неговиот претходник ПП ја раскажуваат германската историја на 20 век, историја на инженеринг, насилство, поп-култура и масовни убиства. Двојна акција е името на револуцијата во технологијата за оружје што Фриц Валтер ја усовршил во 1929 година за компанијата на неговиот татко Карл. Благодарејќи на неа, пиштолот „Валтер ППК“ е првиот сигурен пиштол кој може да биде подготвен за пукање, но истовремено и безбедно да се носи. По повлекување на чкрапалото удирачот веднаш се движи напред и удира по ударната игла која го активира куршумот. Како и кај сите полуавтоматски пиштоли, тој повторно е подготвен за пукање со помош на повратното дејство на барутните гасови. Пиштолот ППК е рамен, со кратка цевка. Практичен за оние кои не сакаат оружјето да им се гледа под нивната облека: полицајци во цивилна облека или криминалци но, исто така, бил употребуван и многу од униформираната полиција и војска. Особено бил омилен од страна на нацистите. Пиштолите на „Валтер“ биле дистрибуирани до членовите на партијата, а лидерите на партијата меѓусебно си подарувале посебно украсено оружје со изгравирани златни дабови лисја на цевката, со кукаст крст на рачката која била изработувана од различни ексклузивни материјали како слонова коска, седеф и слично. Пиштолите ППК и ПП биле пиштоли за кои обично се одлучувале офицерите на Вермахтот. Со пиштолите ПП/ППК се убивало и во концентрационите логори. Тој бил популарен кај СС-офицерите за убивање на затворениците. Всушност, затворениците во концентрациониот логор „Нојенгам“ ги изработувале пиштолите и пушките за „Валтер“. Десетици илјади умреле во овој логор. Гласините тврдат дека ППК, исто така, било оружјето со кое Адолф Хитлер извршил самоубиство. Тој секогаш имал наполнет ППК во берлинскиот бункер во последните недели од неговиот живот. И покрај нацистичкото минато на ППК, германската полиција по војната нема морални скрупули, па продолжува да го користи. Но, во седумдесеттите години завршува службата за државата, и тоа од практични причини. Калибарот на ППК од 7,65 mm, за многу полицајци бил премногу мал, бидејќи новиот противник се закanувал со поголем калибар, бидејќи Црвените бригади користеле пиштоли во калибар од 9 mm. По првите жртви, полицискиот синдикат барал оружје со „сила за запирање на човек“. Наскоро, речиси сите полицајци ќе бидат вооружени со 9 mm пиштоли, набавени од најголемиот конкурент на „Валтер“, „Хеклер и Кох“.

Пиштолите „Валтер“ од серијата ПП/ППК заземаат значајно место во историјата на огненото оружје како први комерцијално успешни полуавтоматски пиштоли со двојна



Пиштолот „Валтер ППК“ е првиот сигурен пиштол кој може да биде подготвен за пукање, но истовремено и безбедно да се носи. По повлекување на чкрапалото удирачот веднаш се движи напред и удира по ударната игла која го активира куршумот. Како и кај сите полуавтоматски пиштоли, тој повторно е подготвен за пукање со помош на повратното дејство на барутните гасови

акција. Тии работат на систем на директен повратен удар и двојно/единечно дејство со двојно дејство при повлекување на чкрапалото за првиот истрел и лесно повлекувања на чкрапалото за единечно дејство за следните истрели. Овој тип на акција го постави стандардот за производители на пиштоли со двојна акција ширум светот во текот на изминатите 90 години. Карактеристиките вклучуваат видлив удирач, индикатор на состојбата со пополнетоста на рамката со муниција, сигурносен блок за удирачот и лост со комбинација на „сигурно/деактивирано“, кој сè уште најчесто се наоѓа на многу полуавтоматски пиштоли со двојна/единечна акција. Воведен во 1929 година, „Валтер ПП“ станал популарно полициско оружје во Германија, а подоцна им бил даван на офицерите во Хитлеровата армија. Популарната варијанта, ППК (Polizei Pistole Kriminalmodell, или полициски пиштол, детективски модел) бил воведен неколку месеци по ПП. Тој бил наменет за прикриено носење и имал пократка цевка, рамка и рачка. И ПП и ППК првично биле изработувани само во калибар 7,65 mm, но наскоро биле изработувани и во калибрите 5,6 mm и 9 mm. За потребите на компанијата „Валтер“, неколку други производители го произведувале пиштолот од ПП-серијата. Валтер ги произведувал ПП и ППК до 1945 година. Фабриката била уништена за време на Втората светска војна, и поради тоа што после војната во Германија било забрането производството, „Валтер“ се согласил со француската компанија „Манурин“ да ги произведува пиштолите. Манурин ги направила сите повоени ПП и ППК. Некои од овие модели биле обележани со името „Манурин“. Во 1953 година, „Валтер“ изградил нова фабрика во Улм, Германија, а некои од пиштолите биле финиширани и проверувани таму откако биле произведени во Франција од страна на Манурин. Бидејќи биле проверени во Германија, овие модели биле обележани како „направено во Германија“.

Од самиот почеток, пиштолите ПП/ППК биле сензација во полициските единици, во војската, но и за цивилите. Од гледна точка на времето, воведувањето на оружјето не можело да биде подобро со порастот на германскиот национализам во 1930-тите и јакнењето на војската и полицијата. До времето кога Третиот рајх бил цврсто воспоставен, организацијата на германските полициски сили претрпела низа промени, и до крајот на 1930-тите, полицијата постигнала интересна еволуција. Полицијата за јавен ред (Ordnungspo-



lizei, скратено ОРПО) во основа се состоела од униформирана полиција. Криминалистичката полиција (Kriminalpolizei или КРИПО) била вклучена во кривични истраги. Тајната полиција (Geheime Staatspolizei или ГЕСТАПО) формирана од страна на Херман Геринг во 1933 година и преземена од страна на СС една година подоцна, ги извршувала должностите кои произлегуваат од нејзиното име. Во 1936 година, сите полициски сили биле под раководство на СС под команда на Хајнрих Химлер. За краток временски период (1936-1939 имало и безбедносна полиција, која се состоела од Гестапо и Крипо, под будното око на Рајнхард Хајдрих, иако подоцна се споиле во Канцеларија за главна безбедност на Рајхот. Горенаведеното дава слика за количеството на пиштоли што биле потребни за толку голема и раширена организација. Ако на ова се додадат и потребите од мали пиштоли за различни фракции на нацистичката партија, како и за други агенции и вооружените сили (само германската војска купила околу 50.000 парчиња), станува јасно зошто линијата ПП/ППК станала толку добро позната и популарна. Секако, тие не биле единствените пиштоли од тој тип, но тие секако биле фаворизирани. До крајот на Втората светска војна, Германците, исто така, ќе понудат и два други одлични џебни пиштоли со двојна акција – „Маузер ХСц“ и „Зауер 38Х“, придружувани од огромно количество на пиштоли со единечна акција, домашни и странски, со калибар од 6,35 mm до 9 mm краток. Иако сигурно не е голем (долг 170 mm, широк 30 mm и висок 109 mm, а тежи само 665 g), со калибар 7.65 mm, ПП се сметал како нешто што се носи во футрола за појас, па полициските агенции поднеле барање до „Валтер“ да го направат пиштолот уште полесен и посоодветен за прикриено носење под кожните мантили или палтата. Пиштолот ППК, иако надворешно и внатрешно изграден на платформата на ПП, бил значително помал, па неговата вкупна должина изнесува 155 mm, височината 100 mm и широчината 25 mm, а тежината исто така била намалена и изнесувала 590 g. Првично понуден во калибар 7,62 mm, ППК на крајот ќе биде произведуван и во 5,6 mm и 9 mm. Очигледно било дека ППК имал значителна воена и полициска примена, но мора да се знае дека на почетокот бил понуден за продажба на пошироката јавност. Комерцијалните ППК се продавале во картонски кутии заедно со резервна рамка за мунниција, упатство за употреба и три вежбовни куршуми за тестирање на функционирањето на пиштолот без пукање.



„Валтер ППК“ е пиштол со одличен дизајн. Елегантните линии ја држат имагинацијата на целиот свет веќе 90 години. Прецизното инженерство помогнало да се создаде уникатен пиштол, а неговите посебни и елегантни линии му даваат уникатно ниво на софистицираност. По изработени повеќе од пет милиони примероци, овој пиштол сѐ уште се произведува

„Валтер ППК“ е пиштол со одличен дизајн. Елегантните линии ја држат имагинацијата на целиот свет веќе 90 години. Прецизното инженерство помогнало да се создаде уникатен пиштол, а неговите посебни и елегантни линии му даваат уникатно ниво на софистицираност. По изработени повеќе од пет милиони примероци, овој пиштол сѐ уште се произведува. Тој навистина е одличен за безбедно прикриено носење, совршен за поголем џеб во панталони или во џеб од палто, а истовремено прецизен, со што покажува дека сѐ уште се наоѓа на врвот на пиштоли од својата класа.

Александар Стојчевски



Секој вид на вооружените сили има свои одлики што ги издвојува од другите, но заедничко за секој вид е борбениот дух. Припадниците на воздухопловните единици најчесто се синоним за одважност и храброст. Истото важи и за нивните воени натпреварувања




# Небески воини-натпреварувачи






Припадниците на воените воздухопловства од различни армии во светот најчесто се натпреваруваат на „Аеронаутичкиот повеќебој“, организиран од страна на Меѓународниот совет на воени спортови. Ова натпреварување е започнато уште во далечната 1948 година како идеја на припадник на француското воено воздухопловство од Втората светска војна  Командантот Едмомд Петит го замислил ова натпреварување како активност и воедно можност за унапредување на физичката подготвеност, унапредување на координацијата и професионално надградување. Идеите за дисциплините кои се вклучени во натпреварувањето Петит ги поврзал со евентуално извлекување на пилот, доколку истиот би бил погоден и срушен. Пливањето и нуркањето е всушност спасување во вода после непосреден пад, гаѓањето со пиштол е одбрана со вооружувањето кое се поседува, додека препреките и ориентацијата се начини за совладување на непознат терен. Организаторот на ова натпреварување, Меѓународниот совет на воени спортови, го избира домаќинот на „Аеронаутичкиот повеќебој“. Десетдневното натпреварување се состои од два дела: летачки дел и спортски дел. Екипите кои поради одредени причини не се во можност да учествуваат во летачкиот дел, можат да се натпреваруваат само во спортскиот дел. Секоја делегација се состои од дванаесет членови, од кои двајца се резервни.

Летачкиот дел од натпреварот се спроведува со цел да се одмерат способностите за планирање и подготовка на зададена мисија, навигација при мала висина, како и следење и запазување на временската рамка. Со поминување на одреден број на контролни точки, најчесто од 3 до 5 на висина од 160-180 метри, се реализира летачкот дел. Натпреварувачите во овој дел се само навигатори кои прецизно го наведуваат пилотот.  Пилотите на воздухопловите и самите воздухоплови ги обезбедува земјата-домаќин.

Прва дисциплина во спортскиот натпреварувачки дел е гаѓање со воздушен пиштол. Растојанието на кое се гаѓа е 10 метри, а се испукуваат 20 куршуми на команда со период од 40 секунди за испукување на секој поединечен куршум. Пливањето е втората дисциплина. Овој сегмент се започнува со пренуркување на патека од 50 метри, по што следи префрлање на друга патека каде треба повторно да се совладаат 50 метри, притоа совладувајќи две водени препреки.

Мечувањето е трета дисциплина во спортскиот дел на натпреварот. Натпреварот со топка е следна дисциплина. Во оваа дисциплина се тестираат координацијата, движењето и прецизноста. Натпреварувачот започнува со шутирање на топки во кош од линијата за слободни фрлања, по што преминува на дриблање на одреден број на препреки и повторно следува шутирања на кош со десет последователни топки. Во вториот дел се шутираат дваесет топки кон кошот, од кои десет треба да се подогодоци од табла-кош и десет директни погодоци во кошот. Патека со препреки е петтата дисциплина која се совладува. Патеката е долга од 300-400 метри и има од 10 до 12 препреки. Првата препрека е на 20 метри од стартната линија, додека последната е на 40 метри од целта. Препреките се стандардни и се користат при секој повеќебој организиаран од страна на Меѓународниот совет на воени спортови. Последна дисциплина во спортскиот дел на „Аеронаутичкиот повеќебој“ е ориентацијата. Во оваа дисциплина се поминуваат одреден број на контролни точки поставени на теренот, маркирани, и најчесто минималното време за совладување на овие точки изнесува 40 минути.

З.Б.



# Воени натпреварувања помеѓу оклопните ѕверови

Европскиот тенковски предизвик (European tank challenge) е едно од неколкуте меѓународни тенковски натпреварувања. Се реализира еднаш во годината на воените полигони во Графенвер, Германија, дом на Командата на американските сили за Европа. Десетина посади од НАТО-членки и партнерски држави, секој јули земаат учество во ова воено натпреварување. Во текот на натпреварите тенковските посади се натпреваруваат во неколку дисциплини. Прва од нив е офанзивното гаѓање каде се уништуваат одреден број цели, а тенкот истите ги гаѓа од движење, кратко застанување и од место. Втора дисциплина е дефанзивно гаѓање, каде тенковската посада од статична позиција уништува различни цели (подвижни, моментни, цели во воздух и сл). Извлекување на тенк од контаминирано земјиште со користење на заштитна опрема е третата дисциплина. Четврта по ред е медицинска евакуација на повредени и притоа се симулира и замена на оштетен членок од гасеница. Прецизно возење, повик за оган за поддршка, препознавање на возила, процена на далечина-растојание до целта, известување за уочени цели, гаѓање со лично вооружување (пиштол) се наредните неколку дисциплини. Последни две дисциплини се совладување на патека со тенковски препреки и таканаречената тенковска олимпијада. На тенковската олимпијада посадите на тенковите поминуваат посебно дизајнирака патека која ги тестира физичките спосбности на посадата, притоа користејќи делови од тенкот, како што се потпорно тркало, членок од гасеница, кабли за влечење, сандаци со минуција итн.

> Посадите на „челичните титани" своите способности и квалитети ги одмеруваат на неколку светски воени натпреварувања. Брзина, подвижност, одлична котрола, прецизност во гаѓање, физичка подготвеност и издржливост, се само неколку атрибути кои се гледаат во овие натпревари. Но, ова не е основната цел на воените натпревари. Главна цел е меѓусебното дружење помеѓу натпреварувачите од различни држави, размената на искуства, тактики, техники и процедури, промоција на интероперабилност и партнерство

Во далечната Русија во Алабино-Московската област, секоја година во месец август се одржува друг тенковски меѓународен натпревар наречен „Тенковски биатлон". Самиот назив на натпреварот појаснува дека станува збор за движење и гаѓање на цели. Првите натпревари во тенковскиот биатлон се започнати од 2013 година, кога се поканети дури 41 држава за да земат учество во оваа натпреварување. Тимовите кои учествуваат во ова натпреварување се составени од 21 член: еден водач на тим, четири тенковски посади по три члена и еден резерва, двајца тренери и шесточлена група за одржување на техниката. Посадите се натпреваруваат во два дела, индивидуален дел и штафетна трка. Во индивидуалната трка учествуваат по три посади од секоја држава и истите имаат задача да совладаат три круга со должина од 6-10 километри. Притоа, во првиот круг треба да погодат цел со главното вооружување-топот на растојание од 1500-1800 метри, во вториот круг гаѓаат цели со противавионски митралез на растојание од 1200 метри и во третиот круг гаѓаат цели со впрегнатиот митралез на растојание од 600-700 метри. Секоја непогодена цел се санкционира со дополнителни 500 метри должина за совладување. Четрите најбрзи и најпрецизни држави од индивидуалните натпреварувања со по три посади учествуваат во финалната штафетна трка. Дисциплините кои се совладуваат во штафетната трка се исти како во индивидуалната, со тоа што е додадено и совладување на препреки и сите три посади мора да користат еден тенк. Препреките кои се совладуваат се: маневарски дел каде се проверуваат брзината, контролата на возилото и владеење на габаритот, втора е водената препрека која се совладува со брз премин преку неа, поминување низ премини на минско поле е третата препрека, следуваат две последователни возвишувања, тенковски препреки, совладување противтенковски ров, таканаречениот чешел (последователно наредени мали возвишенија на патеката-трупци), страничен наклон итн. Секое непоминување на препреката се казнува со десет секунди дополнително време. Можноста да се видат голем број различни знамиња, униформи, нации како заедно се натпреваруваат, но воедно и се дружат и создаваат трајни пријателства низ игра, е од непроценливо значење.

З.Б.



# Успешна логистичка поддршка

Бригадата за логистичка поддршка им дава логистичката поддршка на сите команди и единици на Армијата на целата територија на Република Северна Македонија, како и на единиците кои се упатуваа во мисија надвор од државата. Логистичките ресурси во денешно време, како и низ историјата, биле пресудни за добивање или губење на војните, а имаат исклучително значење за нормално функционирање на командите и единиците во мирновременски услови, а особено значење имаат во услови на кризи, воени состојби или пак при изведување на воени вежби. Низ историјата постојат бројни примери кои докажуваат дека битките се добиваат и поради квалитетното менаџирање со ресурсите и добро обучените логистички единици.

Логистичката поддршка при реализација на воени вежби е една од суштинските задачи од мисијата на бригадата за логистичка поддршка. Вежбата „Одлучен удар", која беше реализирана на армискиот полигон Криволак во периодот од 5 јуни до 9 јули 2019 година, беше позитивен пример за квалитетна и успешна употреба на логистичките ресурси и единици. Логистичката поддршка беше многу важен сегмент од вежбата која директно влијаеше врз успешната реализација на истата. Вежбата „Одлучен удар" беше национална комбинирана здружена вежба на која учествуваа околу 2.700 припадници на

> Логистичките единици се составен дел од структурата на вооружените сили и од првите вооружени формации до денес имаат значајна улога, иако таа при изведувањето на задачите не секогаш е јасно видлива. Во рамките на Армијата на Република Северна Македонија, Бригадата за логистичка поддршка е најголема логистичка единица и е во состав на Здружената оперативна команда

вооружените сили од пет земји-членки на НАТО и од нашата држава како држава-идна членка на Алијансата. Ова е најголема вежба која е реализирана во нашата држава. Оваа вежба беше можност и за Бригадата за логистичка поддршка и за нејзините потчинети единици да ги покажат на дело своите способности и капацитети, но и да ги споделат досега стекнатите знаења и искуства во насока на зголемувањето на довербата и заемното разбирање, со што би се зголемил и успехот на евентуалните идни заеднички учества на вежби и во мировни или хуманитарни операции.

За успешна реализација на вежбата значајно беше претходното планирање, организирањето и координацијата на сите елементи на логистичката поддршка. Главен носител на реалната логистика, односно на сите активности со кои им беше овозможено на единиците кои учествуваа во изведувањето на вежбата да ги имаат сите услови за несметано и успешно извршување на планираните задачи во текот на вежбата, имаше Бригадата за логистичка поддршка.

Припадниците на бригадата за логистичка поддршка со која командува полковникот Мухарем Мухареми го дадоа својот максимум во текот на планирањето, организацијата, координацијата и при реализацијата на планираните активности за времетраењето на вежбата. Анализите на крајот од вежбата, големиот број на изјави на благодарност и пофалби покажаа дека задачите од доменот на логистичката поддршка беа извршени на високо професионално ниво и беа во функција за успешно завршување на вежбата.

Припадниците на Бригадата за логистичка поддршка секогаш први излегуваат на терен, а заминуваат последни со враќањето на последниот војник и опремата која била користена. За изведување на вежбовните активности на вежбата „Одлучен удар", од страна на единиците на Бригадата за логистичка поддршка беа ставени на располагање целокупните расположливи човечки и материјални ресурси за успешно извршување на задачите. Во текот на целото времетраење на вежбата од



Бригадата за логистичка поддршка беа ангажирани околу 350 лица од сите категории и профили, како и голем број на моторни возила, материјални средства и опрема.
На две локации, во кујните, готвачите од потчинетите единици на Бригадата за логистичка поддршка секојдневно приготвуваа вкусни оброци за учесниците на вежбата. Во текот на вежбата беа подготвени и дистрибуирани на повеќе локации на армискиот полигон Криволак околу 36.000 оброци. Покрај тоа, ангажираните возила кои вршеа транспорт и превезување на разни материјали од сите класи на материјали поминаа повеќе десетици илјади километри. Ангажираниот персонал надлежен за одржување на ангажираните моторни возила, агрегати, други материјални средства и опрема во теренски услови, вршеа секојдневно основно одржување и притоа беа направени повеќе од илјада интервенции. Покрај тоа, беше укажана и логистичка поддршка на околу 150 групни транспорти на странските контингенти реализирани преку патниот и железничкиот транспорт. Поради големиот број на учесници, моторни возила и опрема кои требаше да се транспортираат до АП Криволак, имаше потреба од координација со сите земји-учеснички на вежбата. За таа цел беше формиран Национален центар за координација на движењата (НЦКД) со кој раководеше мајорот Павле Ристов од Бригадата за логистичка поддршка, кој беше одговорен за движење и транспорт за времетраењето на вежбата „Одлучен удар“. Во составот на НЦКД имаше претставници од повеќе државни институции, почнувајќи од Министерството за внатрешни и надворешни работи, Министерството за транспорт и врски, Царинската управа на РСМ, Регионалниот центар за гранично управување, Агенцијата за цивилно воздухопловство, Агенцијата за државни патишта и други институции. Сите овие државни институции кои беа активно вклучени во вежбата, го истакнуваат значењето на НЦКД во целокупниот национален контекст. Целта на овој национален центар беше прифаќање, деконфликт, транзит и испраќање на материјални средства од припадниците на земјите кои учествуваа на вежбата. Прифаќањето на средствата и учесниците се вршеше од граничните премини на РСМ до крајната дестинација, односно до АП Криволак. Соработката со институциите се одвиваше на високо ниво, при што сите активности беа координирани помеѓу сите учесници и националните авторитети. За време на вежбата од влезот на првите м/в во вежбата „Одлучен удар“, па сè до излегувањето на последниот војник и м/в, НЦКД беше во постојана комуникација и координација со гореспоменатите институции. Поради сето ова, на мајорот Павле Ристов за неговиот ангажман за време на вежбата „Одлучен удар“ му беше доделен Медал за посебни заслуги на Пенсилванија, за „особено залагање и постигнати резултати во делот на движењето и транспортот“, како и пофалница од командантот на 56. бригада на Пенсилванија, полковник Мајкл Вешнајдер, за тоа што изградил логистичка подготвеност со Националната гарда на Пенсилванија, преку билатерална соработка со РСМ извршил превоз на преку 1200 луѓе персонал и 260 парчиња од органска опрема во поддршка на операцијата „Одлучен удар“. „Неговите неуморни напори резултираа со превезени неоштетени артикли, кои беа направени за Владата на САД. Тој го водеше билатералното планирање и координацијата за сите транспортни барања за трите пристаништа и аеродроми, за 10 земји и царинските канцеларии“.
Во текот на вежбата, медицинска поддршка дадоа и медицинските тимови од составот на Военомедицинскиот центар, заедно со медицински тимови од армијата на САД. Медицинските тимови, покрај редовните задачи на вежбата, беа присутни и во радовишките планински села Сапруге и Прналија. Притоа, повозрасните жители на овие села имаа можност да извршат проверка на крвниот притисок, да измерат шеќер во крвта и да направат други основни медицински прегледи. Исто така, по претходно спроведена акција за донација од учесниците на вежбата, беше поделена и хуманитарна помош во облека и обувки. Како активност која беше дел од координираната соработка помеѓу реалната логистичка поддршка и цивилно-воената соработка за време на вежбата, треба да се истакне и презентацијата на вооружувањето и опремата во осум градови на Република Северна Македонија, каде припадниците на Армијата на Република Северна Македонија и на САД пред заинтересираните граѓани ги претставија и ги запознаа со карактеристиките на дел од моторните возила, оружјето и опремата која се употребуваше на вежбата.



Успешната реализација на вежбата „Одлучен удар“, гледано од логистички аспект, потврди дека припадниците на Бригадата за логистичка поддршка можат успешно да одговорат на предизвиците кои ја очекуваат Армијата со влегувањето во НАТО, а кои се во функција на обезбедување на потребна логистичка поддршка во вистинско време на вистинско место.

Зоран Василески



# „Сите сме деца на Илинден“
## Илинденски чествувања под крушевското небо

По повод Денот на Републиката – 2 Август, Илинден, а под слоганот „Сите сме деца на Илинден“, оваа година се чествуваа 116 години од Илинденското востание и 75 години од Првото заседание на АСНОМ. Централната свеченост и оваа година се одржа во Крушево, каде делегација предводена од премиерот Зоран Заев положи цвеќе на споменикот на Мечкин Камен.

Крушево, највисокото гратче на Балканот, кое залегнало на височина од 1250 метри надморска височина, 10-тина и повеќе дена беше културно-уметнички, историски, просветен и музички центар за посетителите, гости, туристи од секаде.

Крушевчани се надалеку прочуени по успешната приказна за добар туризам и по својата гостопримливост. Шаренилото од народности – Македонци, Власи, Албанци, Турци и други народности, успешно презентираа не само култура на живеење, туку и преку некогашниот здив на познатите крушевски златарници, калајџии и други занаети, и оваа година ги отворија портите и срцата за сите добредојдени намерници.

Годинава, традицонално, како и секогаш, централната дестинација на славењето по повод 116 години од Крушевската Република и 75 години од Првото заседание на АСНОМ беа Мечкин Камен и Слива, каде загинал војводата Питу Гули кој, на 12.8.1903 година, јуначки со својот одред се спротивставил на жестоките напади од страна на турската власт. Одредот паднал на бојното поле во одбрана на Републиката, во одбрана на првата македонска револуционерна власт. Денес, власта на Крушево, по 116 години го актуелизира ова востание преку атрактивни содржини, како потсетник за борбата за независност и пожртвуваноста на еден сплотен народ. Покрај оваа манифестација на Мечкин Камен, каде говор одржа премиерот Зоран Заев, имаше манифестации и на Гумење, каде што е спомен-обележјето „Македониум-Илинден“, симбол на македонскиот непокор. „Македониумот“ е симбол на загубените животи на многу борци. Во Крушево има и други музеи и историски и културни објекти кои сведочат за богатото културно-историско значење на овој град. Годинава се одржа и концерт на Филхармонијата, настапија и Влатко Стефановски и Мирослав Тадиќ, групата „Фолтин“, оперскиот пејач Влатко Георгиев и хорот на Злата







Мегленска од Скопје. Концертно претставување имаше и во чест на крушевската поп-икона Тоше Проески, настапи и триото „Шербет“, пејачката Викторија Лоба и други изведувачи. Кревање и спуштање на македонското знаме, историски свечени говори, литии и литургии во чест на паднатите борци, бројни спортски манифестации, како Светското првенство во параглајдинг, театарски претстави, настани за одбележување на унгарската и на влашката култура, беа дел од програмата за забава на посетителите.

Настаните по повод 116 години од Крушевската Република се организираа во Градскиот парк, кај Амфитеатарот, на Гумење, на Летната сцена.

Крушево, на 31.7. 2019 година ја пречека и коњаницата пред столбот на верата, храмот „Свети Никола“. Коњаницата продефилира уште еднаш на 1 август на Гумење. Коњаничкиот одред, неколку дена пред Илинден, тргна од скопската населба Лисиче, со 20 коњаници и три девојки меѓу нив. Таа е потсетник на историските факти. Походот тргна од пред црквата „Свети Петар и Павле“, испратен од многу верници, политички лидери, пратеници, благословен со света литургија и соодветна заклетва. Коњаницата се движеше од населбите Аеродром и Лисиче, потоа продолжи за Врбен, Маврово, па планината Бистра, Кнежино, каде се соедини со коњаницата од Кичево, Козица, Сопотница, Демир Хисар, Журче, за на крај да пристигне во славното Крушево. Овој коњанички марш се одржува по 41. пат, традиционално, по повод празникот Илинден и Денот на Крушевската Република.

Да се потсетиме и на верскиот празник Илинден, кој се слави на 2 Август. Ден на „слатко“ чествување на името Илија, Иле, Илинка, Илинденка, Илко,Илка... Ден и на домашни слави на луѓето во некои места во Македонија. Блиската црква „Свети Спас“, и оваа година беше место за собирање на верниците и за уживање на намерниците во спокојот и светоста на оваа убава локација и верски храм крај Крушево. Има многу цркви и манастири во Прилепско, Кавадаречко, Мариовско, кои го носат името на светецот Илија и биле посветени и изградени во негова чест според верувања на некои луѓе.

Светецот Илија живеел 900 години пред Исус, прорекувал, бил чудотворец, богољубец, боговидец, небоземен граѓанин. Се молел и во пустински стил, правел чуда, лекувал, спасувал, хранел, помагал. Имал сила и огнен карактер, бил избувлив и со громогласен глас. Се родил и вознесол на небото со огнена сила и огнени коњи. Бил цар на молњата и громовите, се вели кај верниците. Создавал рајска плодна надежна атмосфера за спокој и сонување. Така е и насликан по многу верски храмови. На кочија, со оган околу, белобрад старец-мудрец. Како крал на небото, инспирација за татковината.

Крушево е симбол на еден универзален јазик на љубовта, на еден свет, една монета, еден живот со разбирање и слога на многу народности во него. Ова славно место живее во душата на секој посетител. Славното Крушево е опеано во поезијата и насликано низ историјата и прекрасно доловено низ уметничкото око кое знае да ја забележи посебната архитектура на старите градби, па и на оние поновите.

Васе Митреска

# Специјализирана опрема и обука за „Македонски спасител“




Членови на двете волонтерски здруженија на реката Вардар и на велешкото езерото „Младост“, на почетокот на летото одржаа заедничка тренинг-обука за правилна и ефикасна употреба на донираната специјализирана опрема, а во согласност со најновите светски стандарди за спасување на брзи води-реки и при елементарни непогоди – поплави.

Зоран Кимов, генерален секретар на „Македонски спасител“, за „Штит“ информираше дека тренинг-обуката ја реализирале шест професионални тренери -обучувачи од операцијата „ФЛОРИАН“ од Обединетото Кралство, професионалци-пожарникари, кои доаѓаат од повеќе противпожарни станици од градот Манчестер. Кимов ни појасни дека обуката успешно ја завршиле десет нивни членови и дека овие десет велешки спасители од здружението „Македонски спасител“ се здобиле со драгоцени искуства во областа на спасување на настрадани во реки и езера после природни непогоди-поплави.

Добиената опрема се состои од мотор за гумен чамец, 20 елеци за спасување,

> Велешкото здружение за безбедност на вода и планина, „Македонски спасител“, втора година по ред добива вредна специјализирана опрема за спасување на брзи води-реки и на езера и опрема за спасување во случај на природни непогоди-поплави

јажиња за спасување, опрема за прва помош и комплет лична опрема за спасителите на ова здружение кое брои 15 членови.

– Со оваа специјализирана обука Општина Велес и, пред сѐ, граѓаните, добиваат специјализиран тим кој може да ги примени најновите светски стандарди за безбедност на вода. Со тоа значително ќе се придонесе за подобрување на квалитетот на живеење и, пред сѐ, за безбедноста на капачите при користење на водени површини – потенцираше Кимов.

Ангел Пановски, долгогодишен спасител на води и претседател на здружението „Македонски спасител“, за магазинот „Штит“ детаљно ни појасни како се одвивала самата обука за спасување.

– Во нашата просторија на здружението ги пречекавме обучувачите-инструкторите од операција „ФЛОРИАН“, кои претходно вршеа обука во Охрид. Се подготвивме, направивме теоретски дел и се договоривме како ќе се одвива целата активност, потоа ги облековме оделата за спасување, ги земавме двата гумени чамци и отидовме на Вардар. Обуката насловена како управување со чамец и спасување на давеник со чамец во брзи води-реки, по некоја непогода-поплава,можеше да почне – појаснува Пановски.

Тој нѐ информираше дека едниот гумен чамец е на здружението „Македонски спасител“ и за него добиле мотор од операцијата „ФЛОРИАН“ а другиот гумен чамец го позајмиле од Дирекцијата за заштита и спасување .

– Акцијата се изведе во Велес на реката Вардар во Градскиот парк, на местото







наречено „Островче“ – „Адата“. Пред да ги спуштиме чамците во Вардар ја повторивме минатогодишната вежба. Тоа е вежба со специјално црево кое се полни со компримиран воздух, се поставува од двете страни на реката со јаже и кога има повеќе давеници , а тие давеници се како бариера. Тие се фаќаат на самото црево кое е поставено под агол и, како доаѓаат давениците, се држат на цревото, се лизгаат и излегуваат на самиот брег на реката – појасни Пановски.
После оваа вежба тие започнале со обуката за управување со чамец и спасување на давеници со чамец на релација од адата на Вардар во Градскиот парк, сè до Железниот мост и назад. Обуката ја извеле тогаш бидејќи Вардар во тие денови беше со најголемо ниво на водата, за да не заринкаат гумените чамци на дното на реката.
„Беше топло, се изнамачивме, но обуката за спасување на давеникот успешно заврши“, оценува Пановски. Тој ни појаснува дека и наредниот ден во нивната просторија повторно се сретнале и се договарале за акцијата која треба да се изведе на велешкото езеро „Младост“. Ја земавме опремата со чамците и тргнавме кон езерото „Младост“, на собирното место кое ние го викаме Спасителната плажа, каде што се наоѓа спасувачката кула која ние ја изградивме во 2011. Ги пуштивме двата чамци и започнавме со изведување на вежбата „Спасување на мирни води-езеро, после природни катастрофи-поплави“, појаснува Пановски. Тој нè информираше дека првата вежба била превртен чамец во езеро и нивната задача била да го превртат и да го вратат во правилна состојба, со и без човек во него.Втората вежба била спасување на луѓе од поплавени куќи или згради, вежба во која биле употребувани два чамци и една телескопска скала.
– Ги поставивме чамците до самата поплавена куќа и импровизацијата за неа ни беше столбот до хотелот „Романтик“. Скалата ја поставивме горе и луѓето се качуваа, се симнуваа и се спасуваа со чамците, појасни Ангел. Тој ни кажа дека имало уште една вежба под името „Спасителна патека“ која, исто така, е донирана од операцијата „ФЛОРИАН“.
– Имаме две такви спасителни патеки од 5 и од 10 метри , а тоа е како душек кој се користи како премин при поплавени куќи или згради и се поставува од самата поплавена куќа до чамецот. Тоа е еден вид мост преку кој ги спасуваме луѓето од поплавените куќи, со транспорт на луѓе, на повредени и на болни до чамецот и потоа транспорт со чамецот до брегот на езерото – изјави Пановски.

## Високи оценки за спасителните вежби

Операцијата „ФЛОРИАН“ за членовите на „Македонски спасител“ беше мошне ентузијастичка, а тие се веќе искусни во делот за спасување на води како што се реки и езера.
– Иако некои од вежбите ги работевме за првпат, ги изработивме многу лесно и тие пријатно се изненадија и ни дадоа високи оценки – потенцираше Пановски.
Тој нè информираше дека хуманоста на членовите на операцијата „ФЛОРИАН“ од Обединетото Кралство е голема, бидејќи за да обезбедат пари за скапиот мотор за чамец, тие правеле две хуманитарни акции – миеле автомобили во нивните противпожарни станици во Манчестер.

– Членовите на операцијата „ФЛОРИАН“ се пожарникари, но доаѓаат од Тимот за спасување при поплави, бидејќи пожари има и при поплави – појаснува Ангел.
Со завршените специјализирани обуки Здружението за безбедност на вода и планина „Македонски спасител“, како што нè информираше неговиот претседател, Ангел Пановски, може и е на располагање на државните институции и органи во случај на природни непогоди-поплави.
„Со оваа најнова специјализирана обука што сега ја имаме и со нашата претходна обученост, а во евентуални природни непогоди-поплави ние, како здружение, стоиме на располагање и на помош слободно може да нè повикаат и да ни се обратат за помош при спасување од Општина Велес, од Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, МВР, Министерството за одбрана, па и Армијата. Како резултат на тоа, ние, ако затреба, ќе можеме со здружени сили итно да формираме заеднички тимови, со цел побрзо да им помогнеме на настраданите“,појаснува Пановски.
Воедно, тој потенцираше дека посебно би им било драго да стапат и да остварат соработка и да имаат заеднички вежби со припадниците на Армијата.
Тој потенцираше дека исто како порано сакаат да имаат и да продолжат со соработка и со Црвениот крст и со други институции и невладини здруженија и заеднички да помагаат секогаш кога ќе притреба во разни природни непогоди-поплави.
„Македонски спасител“, освен за спасување на води, се планира да се обучи и за спасување на планина. Како што појаснува Пановски, во таа насока веќе се започнати со обуки и неколку нивни членови веќе имаат положено за водичи во планина, што е спасителна обука и што е почетен стадиум. „Ние имаме познавање и за спасување во планина, но не сме сертифицирани, а за тоа се потребни повеќе летни и зимски



обуки и изискува да имаме финансиски средства и тука ни е најголемиот проблем.Затоа ние како здружение бараме странски организации да ни помогнат во таа насока.Ние се надеваме дека ќе добиеме и таква помош и наскоро ќе можеме и ние од „Македонски спасител“ да помагаме и во случај на несреќи на планина, кои за жал ги има и на нашите планини, појаснува Пановски.
Инаку, „Македонски спасител“ ги започна активностите во јануари 2011 година како Спасителна служба на вода за учесниците за празникот Водици на Вардар и таму се присутни веќе девет години.Тие учествувале и во Вардарската регата „Гемиџии“.
Имале професионален ангажман на светското првенство на параглајдери во Крушево во 2011 година. Воедно, седум-осум години се присутни како професионални спасители на Градскиот базен,а на велешкото езеро „Младост“ како спасители се присутни веќе осма година за време на викендите и празниците, почнувајќи од 2012 година.
На плажата наречена „Спсителна плажа“, имаат изградено и спасителна кула за набљудување, изградена во 2011 година. Воедно, два пати биле спасителелна служба – волонтерски и за качување на „Солунска глава“ и спасителна волонтерска служба и на манифестацијата на отворено „Азот МТБ предизвик“, што ја организира велосипедското здружение „Велес бајкинг“.
За крај, Пановски ни открива дека за догодина, на 28 октомври, на десетгодишнината од основањето на „Македонски спасител“, планираат да изведат голема вежба на која планираат да ги поканат сите државни институции и невладини организации од земјава кои се поврзани со оваа дејност, како и сите странски организации со кои успешно соработувале изминативе години.
Редакцијата на магазинот „Штит“ им посакува понатамошни успешни вежби и активности и, како и досега, да бидат секогаш подготвени и брзо да реагираат, во случај, доколку затреба при природни непогоди –поплави, навреме да спасат нечии животи во опасност.

Антоанела Димитриевска



# Успешен планинарски подвиг

Програмските активности на ОРОРСМ (Организација на резервните офицери на Република Северна Македонија), се остваруваат континуирано во текот на целата година. Во овој контекст е посебно значајна ООЕ на ОРОРСМ Тетово со која раководи резервниот капетан Зоран Кировски. Потврда на ова претставува и искачувањето на врвот Љуботен на Шар Планина, на 2.499 метри надморска височина. Овој планинарски подвиг во кој беа вклучени 15-тина резервни офицери и подофицери од Тетово и од регионот на Вратница, се организира по повод 75-годишнината од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ кога е создадена македонската држава. Искачувањето до вториот највисок врв на Шар Планина беше осмислено во два дела. Во првиот дел учесниците реализираа кондиционен марш на релацијата: с. Старо Село – планинарски дом „Љуботен“, кој се наоѓа на надморска височина од 1.640 метри. Во вториот дел, четворица активисти (Зоран Кировски, Томе Ѓатовски, Слободан Стерјовски и Драгче Симоноски), по четврти пат се искачија на врвот Љуботен (2.499 м.н.в.) при што за околу 2 часа совладаа висинска разлика од 859 метри, што може да се оцени како успешен планинарски подвиг.

На врвот на Љуботен тие ги поставија државното знаме на Р. Северна Македонија и знамето на ОРОРСМ, а потоа уживаа во прекрасната глетка на Ливадичкото Езеро, едно од најубавите езера на Шар Планина.



# По врвиците на смилевските илинденци

Општинската организациона единица на ОРОРСМ Демир Хисар, со која раководи резервниот поручник Васко Младеновски, по повод 116-годишнината од Илинденското востание, на 2 Август, по осми пат го организираше традиционалниот марш „По врвиците на илинденците“, овојпат под името „По врвиците на смилевските илинденци“. Носители на организацијата на оваа еднодневна активност беа ООЕ на ОРОРСМ Демир Хисар и Општинскиот одбор на СЗБ од НОАВМ Демир Хисар, во соработка со локалната самоуправа.

На маршот што се реализираше на релацијата: Манастир „Св.Јован Претеча“ – Манастир „Св.Илија“ – Манастир „Св. Петар“– Меморијален комплекс „Дамјан Груев“ во с.Смилево, во должина од 17 км, учествуваа 35 резервни офицери и подофицери од Демир Хисар, Кичево и Битола, претставници на Боречката организација од Демир Хисар, како и претставници на повеќе планинарски друштва. Во текот на овој кондиционо-едукативен марш, проф. д-р Менде Солунчевски (член на Извршниот одбор на Собранието на ОРОРСМ), учесниците ги запозна со „Големиот бој“, една од најголемите борбени активности во времето на Илинденското востание што се случила на 30 септември 1903 година на Бигла и Плакенска Планина во Демирхисарско. Пред споменикот на Дамјан Груев во Смилево, учесниците на маршот ги поздрави градоначалникот на Демир Хисар, Марјанчо Стојановски, и им врачи поединечни признанија за нивното учество во негувањето на слободарските традиции од нашето подалечно минато. Повеќе делегации, меѓу кои и на ОРОРСМ, предводена од петседателот, д-р Гоце Георгиев, положија свежо цвеќе, а членовите на КУД „Илинден“ од Демир Хисар изведоа пригодна културно-уметничка програма. Дружењето заврши со заеднички ручек, „востаничко гравче“. „Овој настан е уште еден добар пример за долгогодишната успешна соработка на ООЕ на ОРОРСМ Демир Хисар со соседните општински организации, со локалната самоурава, како и со други здруженија на граѓани во негувањето на слободарските традиции“, ни нагласи во краткиот разговор проф. д-р Менде Солунчевски.



# Јазична академија и конгрес на CIOR

Меѓу позначајните меѓународни активности на Меѓусојузничката конфедерација на резервните офицери (CIOR) во летниот период се организираат Јазична академија и Летен конгрес на CIOR.



Овие две значајни активности годинава се организираа од 22 јули до 10 август во Талин, Р. Естонија. Целта на организирањето на Јазичната академија, како меѓународна институционална форма за едукација на резервните офицери-активисти на националните асоцијации од земјите-членки на НАТО и ПзМ, е изучување на англискиот и на францускиот јазик во функција на подигање на нивото на комуникација во CIOR-NATO.

Академијата се организира традиционално од 2000 година, а ОРОРСМ, со целосна поддршка на МО и ГШ на АРМ, беше домаќин и координатор во 2007 година. Во фокусот на вниманието на 72. летен конгрес на CIOR во кој членуваат 1.300.000 членови од 34 национални асоцијации од земјите-членки на НАТО и ПзМ, беше темата „Резервните офицери на овој милениум: Нови предизвици,нови вештини, нови улоги“. Носител на обработката на темата беше мајорот на канадските армиски сили, Жан Франсист Ламберт, кој во својата презентација го акцентираше прашањето за значењето на резервниот состав во вкупните ангажирања на НАТО-алијансата. Заради нерешеното прашање со финансирањето од страна на МО, ОРОРСМ немаше свои претставници на овие две меѓународни активности.

Живко Трајановски



# Да се размислува и да се согледува на поинаков начин

Големите творци, иноватори и претприемачи го гледаат светот на начин кој се разликува од начинот на кој сите ние ги гледаме работите. Токму тоа е причината поради која тие ги гледаат можностите што другите ги пропуштаат. Приказната за „Velcro“ е добро позната. Швајцарскиот инженер, Џорџ де Местрал, решил малку подобро и одблиску да ги погледне грмушките (семиња од растенија), кои му се закачиле на облеката додека се шетал низ шумата. Тој го земал микроскопот и видел дека природата направила куки на грмушките, кои потоа се закачиле како влакнести висулки на неговата облека. Врза основа на тоа „се роди“ познатата „кука и јамка алтернатива“ на патентот под името „Velcro“. (Денес постои цела област наречена биомиметика, посветена на имитирање на природата со цел да се решат човечките проблеми).
Помалку позната е приказната за течниот сапун (Softsoap). Но, и таа подеднакво заслужува да се раскаже. Еден американски претприемач, Роберт Тејлор, одлучил да погледне малку подобро и повнимателно како коцките на сапунот всушност изгледат откако ќе се отпакуват и ќе започнат да се користат во купатилото. Зумирајќи го садот (кутијата) во кој/а стои сапунот на инаку беспрекорно чисто место, видел како истекува една непријатна локва. Тој сфатил дека одговорот е течен сапун кој се пакува во прекрасна туба со пумпа. Така „се родил“ течниот сапун ( Softsоап), кој ја промени целата сапунска индустрија.
Два брилијантни претприемачи кои поинаку ги виделе работите, без разлика дали тоа било преку микроскоп или објектив за зумирање, буквално или метафорички, го направиле клучниот чекор гледајќи ги работите на познат или на нов непознат начин. Големиот

францускиот математичар Блез Паскал рекол: „Малите умови се загрижени со невообичаени, а големите умови со обични појави и предмети“. Затоа, да се загледаме малку повеќе во она што е пред нас, но да го погледнеме на понаков начин од другите.
За оваа активност постои и збор: дефамилијаризиција (отпознавање). На почетокот на дваесеттиот век, рускиот книжевен теоретичар Виктор Шкловски посочил како Толстој постигнал зголемен ефект во неговото пишување преку техники како што се опишани предмети од извиткана перспектива и одбивајќи да ги употребува вообичаените имиња за предметите и генерално „малку чудно“ (дефамилијаризиција) отпознавање на инаку познати предмети, работи и појави. Подоцна, големиот француски режисер Жан-Лук Годар ја револуционизира кинематографијата на сличен начин. Оваа иновација мора да изгледала збунувачки за многу луѓе во тоа време. Примерите на овие одлични уметници им нудат на сите, вклучувајќи ги и претприемачите, неколку совети за тоа

„Размислувајте поинаку“, вели познатата реклама на „Apple“ од 1997 година. Одличен совет, очигледно, за сите креатори, иноватори и претприемачи. Имено, освен различниот начин на размислување, за револуционерни нови идеи или производи, потребно е на работите да се гледа поинаку

како да престанат да го гледат светот на познат начин и да почнат да го гледат на непознати и генеративни начини. Така, овие техники можат да ни помогнат да го видиме нашиот пат кон нешто ново и револуционерно, без разлика дали станува збор за уметност или бизнис.
Еднаш Шерлок Холмс му рекол на Вотсон: „Гледате, но не го гледате. Разликата е јасна“. Повеќе совети за тоа како поинаку да ги гледате работите доаѓаат од психологот и писателката Марија Коникова, во нејзината книга „Генијалци: Како да мислите како Шерлок Холмс”. Таа пишува: „За да набљудувате на вистински начин, морате да научите да ја одделите ситуацијата од толкувањето и да се дистанцирате од она што го гледате“. Како техника за подобрување на нашата способност да работиме на овој начин, Коникова предлага да се опише ситуацијата која нè интересира на глас или во писмена форма и тоа да го споделиме со некој. Како што таа забележува, Холмс на тој начин го користел Вотсон за да разговара



за своите набљудувања кога истражувал случај. Така, преку оваа вежба, клучните точки во случајот станувале очигледни. Ова е добра техника за лица кои сакат да бидат уметници и претприемачи, како и консултантски детективи. Вреди да се проба.
Нашите мозоци се дизајнирани да нè спречат да посветуваме премногу внимание. Ова е добро докажано со оптичката илузија наречена „Троцлер исчезнување“ (именувана по швајцарскиот лекар од деветнаесеттиот век кој го открил ефектот). Ако има една фиксна слика во нашата периферна визија, ние всушност престануваме да ја гледаме после некое време. Овој феномен со општ невронаучен термин значи навика и веројатно укажува на кој начин работи мозокот. Невроните престануваат да забележуваат откако ќе имаат доволно информации за непроменет стимул. Но, тоа не значи дека навиката е секогаш наш пријател. Убаво е да почнеме да размислуваме не само како да размислуваме поинаку, туку и како да гледаме поинаку – како еден начин да се спротивставиме на нашата вградена тенденција да живееме и да потонеме во познатиот начин на гледање и доживување. Еден од начините на кој големите уметници, претприемачи и креатори доаѓаат до видувања/сознанија кои им овозможуваат да го променат светот е дека тие не го гледаат светот на начин на кој повеќето од нас тоа го прават. Затоа и нивните методи нè учат дека гледајќи поинаку, можеме да го видиме она што никој друг не го видел, што е добар начин како да се гради иднината.

м-р Билјана Поповска ( Адаптирано од *Adam Brandenburger https://hbr.org/2019/04/to-change-the-way-you-think-change-the-way-you-see?utm_campaign=hbr&utm_source=facebook&utm_medium=social&fbclid=IwAR2Zq6qpuQWftLZXJsymidyVJlZBY4sQYJo73KSdvaVi2HpxaC2K9aAe2o0https://hbr.org/2019/04/to-change-the-way-you-think-change-the-way-you-see?utm_campaign=hbr&utm_source=facebook&utm_medium=social&fbclid=IwAR2Zq6qpuQWftLZXJsymidyVJlZBY4sQYJo73KSdvaVi2HpxaC2K9aAe2o0)*





# „По војната“

Што се случува кога една војна ќе заврши? Што останува зад нас, а што носи иднината? Дали и како забораваме, дали умееме да живееме со последиците, како учиме да продолжиме? Дали продолжуваме онаму каде животот застанал пред војната или со себе ги носиме и спомените од нашите сведоштва? Можен ли е нормален живот кога војната ќе заврши?
По војната (заб. прев. “The Aftermath”) фрла светло токму на овие прашања преку приказната на еден британски брачен пар кој се соочува со материјалните, психолошките и емотивните останки на Втората светска војна. Зимата 1946 година, по само неколку месеци по завршувањето на најразорната војна дотогаш, Рејчел Морган, пристигнува во речиси целосно уништениот град Хамбург, кај нејзиниот сопруг Луис, британски полковник кој е на служба во германскиот град, со цел тој да биде обновен. Но, нејзините очекувања се различни од она на кое наидува во поразената Германија. Надевајќи се да продолжи нормален живот со нејзиниот сопруг, таа наоѓа нешто друго, сосема неочекувано.

## Непријатели под еден покрив

Во зимата, во 1946 година, сеќавањата на војната се уште свежи. Тела сѐ уште се извлекуваат од урнатините настанати при тешките бомбардирања, луѓето се болни, гладни и премрзнати, останати на улица, без покрив над глава. Германија го плаќа данокот на изгубената војна. Силите на Алијансата се распоредени низ целата земја. Во воздухот струи нетрпеливост и омраза кон поранешните соперници кои сега живеат едни покрај други. Во подземјето сѐ уште постојат кланови од приврзаници на Фирерот, кои никогаш нема да го прифатат поразот на татковината и се подготвени со животот да платат за да ги казнат новите окупатори. Германските граѓани минуваат низ филтер на интервјуа и испитување на нивната позадина за да бидат ослободени од сомнежите дека соработувале со нацистичкиот режим и да можат да живеат и патуваат слободно. Во такви околности, Рејчел пристигнува во Хамбург со сите предрасуди за германскиот народ. Секоја интеракција со нив за неа е крајно непријатна, за разлика од нејзиниот сопруг кој се обидува да ја разбере нивната неволја. Брачниот пар добива луксузна куќа на користење во предградието, која е сопственост на архитектот Стефан Луберт и неговата проблематична ќерка Фреда, кои по наредба мораат да ја напуштат куќата. Знаејќи што се случува надвор и во какви услови преживуваат Германците, како и понижувањата на кои се изложени, Луис не се чувствува удобно нивните домаќини да завршат во камп, па добродушно им нуди да останат и да ја делат куќата, одлука која длабоко ја вознемирува



неговата сопруга. Додека двете семејства учат да коегзистираат заедно под истиот покрив, нетрпеливоста се зголемува меѓу нив, но тензијата се развива во неочекуван правец и работите доживуваат вистински пресврт, како што членовите на двете семејства учат секој ден по нешто ново еден за друг. Меѓу Рејчел и Стефан, комуникацијата е посебно проблематична и напната, но кога и двајцата ќе дознаат дека делат многу заеднички работи, односот меѓу нив драстично се менува. Непријателот со кој ја дели куќата, станува љубовник на сопругата на полковникот. Британка и Германец, комбинација која би била незамислива за средината. Вчера непријатели, денес љубовници. Она што всушност ги зближува двајцата е токму заедничката болка од војната и данокот кои тие го платиле – Рејчел со загубата на 11-годишниот син, а Стефан со загубата на сопругата, и двајцата во бомбардирање.

## Соочување со загубата

Зашто Рејчел ја наоѓа утехата токму кај Стефан? Кај неа загубата на синот е неизлечена поради премолчениот утешен разговор со нејзиниот сопруг кој никогаш не се случил. Смртта на синот за Луис значело потиснување на болката наместо нејзино надминување, бегање од фактот дека синот е мртов и посветување на работата. Срцето на мајката, од друга страна, бара поддршка и утеха, бара прегратка за да разбере и да се соочи за да продолжи со животот. Отсуството на комуникација и на разбирање помеѓу двајцата, значи и тивко пропаѓање на бракот во кој двајцата го губат контактот еден со друг. Тоа е видливо и во првата сцена кога Рејчел пристигнува во Хамбург на железничката станица, но при првата средба со сопругот се гледа оддалеченоста меѓу двајцата. Луис ја сака премногу својата сопруга, но потиснат од сопствената болка, не се чувствува моќен и способен да помогне, обидувајќи се да најде некакви сопствени механизми на преболување. За него, тоа значи дистанцирање од сè што го потсетува на синот, а поголем потсетник од неговата мајка нема. Стефан, од друга страна, го разбира тоа. Тој ја дели истата болка и не се плаши да ја покаже. Блискоста помеѓу двајцата се продлабочува, но утехата и љубовта, сепак, се две различни нешта.

Ликовите во овој филм се стереотипи за различните профили на размислувања



по војната и соочувањето со некогашните непријатели, како и способноста да се оставаат гневот и омразата настрана и да се коегзистира. Луис е можеби ликот со најчисто и отворено срце во овој филм, со отсуство од предрасуди и со желба да разбере и да помогне. Рејчел и Фреда, пак, од друга страна, немаат лоши намери, но ставовите кои ги слушале за непријателот ги прават исплашени, дистанцирани и на моменти гневни на непознатото, зашто кажано им е дека тие се лоши. Од друга страна, тие кон другиот ја насочуваат и вината за загубата на нивните блиски. Бомбите на непријателот се тие кои го земале животот на синот, во едното, и на мајката, во другото семејство. Стефан Луберт, реномиран архитект со префинет вкус, кој го презирал нацизмот, сега мора да ги трпи последиците од нешто кое не го ни почитувал, само затоа што неговата земја е поразена во војната. Свесен дека мора да биде покорен, тој така и постапува, но тој е свесен за неправдата која му е нанесена. Наспроти оваа централна група на карактери, ги гледаме колегите на Луис, полковници, кои се однесуваат со германските цивили како со животни, чие его расте со секое понижување кое ќе им го нанесат, кои влегуваат во нивните домови без трошка почит и се антипод на сè она што е Луис.

## Што после војната?

Кој ја носи вината од последиците на војната? Кој ја носи одговорноста за уништените домови, распарчените семејства и дали воопшто идентификувањето на некаков виновник ќе ја намали болката која е предизвикана? Што е потребно за да продолжи животот? Веројатно не постои универзален одговор кој ќе ги задоволи овие прашања. Секој човек има сопствен систем за надминување на болката, но она што останува после секоја војна не може да се надомести, туку човек мора да научи да живее со тоа. Токму тоа ни покажува и овој воен филм, кој преку лични, емотивни приказни, ни покажува дека војните не завршуваат кога ќе се потпише мировниот договор и огнот ќе престане, туку нивното семе се пренесува во годините потоа и уште долго останува да постои и да биде дел од реалноста.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** James Kent

**Улоги:** Keira Knightly, Jason Clarke, Alexander Skarsgård, Kate Phillips, Flora Thiemann

**Сценарио:** Joe Shrapnel, Anna Waterhouse, Rhidian Brook

**Музика:** Martin Phipps

**Кинематографија:** Franz Lustig

**Монтажа:** Beverley Mills

**Земја:** Германија, САД, В. Британија

**Година:** 2019

**Времетраење:** 108 минути



# Ресенскиот сарај

## Дворецот на Нијази-бег

Ресен е живописен град на падините од планината Галичица, веднаш до Преспанското Езеро, познат по своите јаболкови овоштарници и прекрасните пејзажи, по грнчарството, но и по нешто друго што привлекува посебно внимание, а тоа е поранешната зграда на Општинското собрание, односно некогашниот беговски дворец – Сарајот, изграден уште за време на турското владеење од Нијази-бег. Овој дворец во градот Ресен е еден од најрепрезентативните примери на објекти градени во неокласичен стил во Македонија. Зградата е интересна по тоа што е верна копија на зградата на Париската комуна, а е градена од мермер и делкан камен. Нијази-бег наредил да се направи урбанистички план за Ресен, што се смета за прво урбанистичко решение на овој дел од Балканот.

Ресенскиот сарај – дворецот на Нијази-бег во градот Ресен е еден од најрепрезентативните примери на објекти изградени во неокласичен стил во Македонија. Изграден е во француски ренесансен стил и се смета за еден од поважните примери на архитектурата од почетокот на XX век, во кој се присутни елементи и од другите европски историски стилови во архитектурата. Граден е во периодот од 1905 до 1909 година, од еден од водачите на Младотурската револуција, Ахмед Нијази-бег. Нарачателот на изградбата, Ахмет Нијази-бег, како студент на Воената академија во Истанбул и припадник на Младотурското движење, бил испратен во Ресен, каде што подоцна примил разгледница со Версајскиот дворец од свој пријател од Париз. Богатиот бег од Ресен решил да изгради исто така убав објект, каде што планирал да живее. Сепак, во 1912 година во Драч тој бил убиен, пред дворецот да биде комплетно завршен. Објектот е висок 25 метри, со површина од 4.800 квадратни метри внатрешен простор, а во обработката на ентериерот се користени префинето обработени висококвалитетни материјали. Сарајот бил дом и на археолошко-музејска поставка и на повеќе културно-уметнички групи и клубови. Денес во објектот се сместени Домот на културата, галерија на икони, музеј и библиотека.

Сарајот, по своите архитектонски и естетски вредности, им парира на градбите од неокласицизмот од почетокот на XX век. Тој е грандиозна градба со која ресенци се гордеат. Сарајот го потенцира престижниот статус на „најубавиот објект во Македонија“.

Кристина Илиевска















